# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 2 јули 2001 Скопје
Број 50 Год. LVII

Аконтацијата за 2001 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


991.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 јуни 2001 година.

Бр. 07-2383/1
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/2000 и 31/2001) во членот 10 став (1) по точката 3) се брише сврзникот "и". Точката на крајот од точката 4) се заменува со сврзникот "и". Се додава нова точка 5), која гласи: "5) начинот на застапување."

Во ставот (2) се бришат зборовите: "и образец за овластен потписник".

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

"(4) Трговецот-поединец може на свој ризик да стекнува права и да презема обврски како трговец-поединец од денот на поднесувањето на пријавата за упис во трговскиот регистар.

(5) Трговецот-поединец до денот на уписот во трговскиот регистар одговара за своите обврски како да ги стекнал по запишувањето во трговскиот регистар."

Член 2

Називот пред членот 19 се менува и гласи: "Акти со кои се основаат друштвата".

Во членот 19 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Друштвото се основа со договорот за друштвото, односно со статутот на друштвото, освен ако основачите не одлучат друштвото да го основаат со акт за основање."

Ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Со актот за основање на друштвото кој се донесува во форма на одлука за основање (во натамошниот текст: акт за основање на друштвото) се утврдуваат: формата и основачите на друштвото; фирмата и седиштето; предметот на работење на друштвото; времетраењето на друштвото; износот и структурата и составот на основната главнина; начинот на застапувањето на друштвото; податоци за членовите на органите на управување на друштвото ако основачите одлучиле да ги именуваат со одлуката за основање и други прашања кои со овој закон се утврдени за одделни форми друштва."

Ставот (3) се менува и гласи:

"(3) Кога друштвото се основа со акт за основање на друштвото од став (2) на овој член неговите одредби се составен дел на договорот за друштвото, односно на статутот на друштвото. Другите прашања на кои упатува овој закон да се уредат со договорот на друштвото, односно на статутот на друштвото се уредуваат на начинот и според условите утврдени со овој закон."

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Договорот за друштвото се склучува и неговите измени и дополнувања се вршат во писмена форма. Актот за основање на друштвото се донесува во писмена форма."

Ставот (4) станува став(5).

Член 3

Во називот пред членот 32 зборовите: "договорот за друштво или статутот на друштво" се менуваат и гласат: "податоците запишани во трговскиот регистар".

Во членот 32 став (1) по зборовите: "неважност на" се додаваат зборовите: "податоците запишани во трговскиот регистар, а содржани во актот за основање на друштвото или во".

Во истиот став на крајот од реченицата по запирката се додаваат зборовите: "на актот за основање на друштвото,".

Член 4

Во членот 44 став (2) по зборовите: "статутот на друштвото" се додаваат зборовите: "или на актот за основање на друштвото".

Член 5

Називот пред членот 45 и членот 45 се менуваат и гласат:

"Утврдување на податоци

Член 45

(1) Регистарскиот суд во постапката на регистрација на основање на друштво утврдува дали податоците што се запишуваат во трговскиот регистар содржани во актот за основање на друштвото, договорот за друштвото, односно статутот на друштвото се во согласност со овој закон.

(2) Регистарскиот суд, по запишувањето на друштвото во трговскиот регистар, по барање на содружник, односно акционер или на друштвото, одлучува дали договорот за друштвото, статутот на друштвото и другите акти на друштвото или одлуките на друштвото се во согласност со овој закон.

(3) Утврдувањето на податоците од став (1) на овој член не ги опфаќа прашањата за кои се одлучува во друга судска или управна постапка."

Член 6

Членот 50 се менува и гласи:

"(1) Договорот за друштвото се склучува во писмена форма.

(2) Потписите на содружниците се заверуваат кај нотар.

(3) Кога се основа јавно друштво актот за основање, односно договорот за јавното друштво содржи одредби за:

1) името и презимето, државјанството и местото на живеење, како и адресата на содружниците или фирмата и седиштето на содружниците ако се правни лица;

2) фирмата и седиштето на јавното друштво;

3) предметот на работењето на јавното друштво;

4) видот и големината на влогот на секој содружник и процената на неговата вредност и

5) начинот за застапувањето на јавното друштво.

(4) Со договорот за друштвото по извршениот упис во трговскиот регистар се утврдуваат и:

1) начинот на личното учество во работата на секој содружник;

2) начинот на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата;

3) начинот на управување со јавното друштво и на донесување на одлуките и

4) други прашања определени со овој закон."

Член 7

Називот пред членот 53 се менува и гласи: "Прилози кон пријавата за упис".

Во членот 53 став (1) се менува и гласи:

"(1) За упис на основање на јавното друштво во трговскиот регистар се поднесуваат:

1) актот за основање на друштвото или договорот за друштвото;

2) доказ за видот и големината на влогот на секој содружник и процената на неговата вредност и

3) заверени потписи кај нотар на содружниците, односно лицата кои според договорот за друштвото се овластени за застапување."

Ставовите (2) и (3) се бришат.

Ставот (4) станува став (2).

Член 8

Во членот 87 зборовите: "со нотарски акт" се заменуваат со зборовите: "кај нотар".

Член 9

Членот 88 се менува и гласи:

"(1) Кога се основа командитно друштво актот за основање на друштвото, односно договорот за друштвото содржи одредби за:

1) фирмата и седиштето на командитното друштво;

2) предметот на работење на командитното друштво;

3) името и местото на живеење, односно фирмата и нејзиното седиште, државјанството, како и адресата на содружниците;

4) вкупниот износ на влогот на содружниците и определување на својството на содружниците како командитори, односно комплементари и

5) начинот на застапување на командитното друштво.

(2) Со договорот за друштвото по извршениот упис во трговскиот регистар се утврдуваат и:

1) видот и соодносот на влоговите на секој од содружниците;

2) начин и време на уплата на влогот;

3) начинот на распределба на добивката и начинот на покривањето на загубата;

4) начинот на управување и застапување на командитното друштво и на донесување на одлуките и

5) други одредби со кои се уредуваат односите меѓу содружниците."

Член 10

Во членот 108 се додава нов став кој гласи:

"Дејствијата во име на содружниците може да ги врши застапник по овластување на нотар, кај кого е регистриран идентитетот на содружниците."

Член 11

Во членот 110 ставот (1) по зборот "основачи" се додаваат зборовите: "или нотар во име на основачите, ако нивниот идентитет е регистриран кај нотар".

Во ставот (2) зборовите: "дадена кај нотариус" се заменуваат со зборовите: "заверена кај нотар или со изјава на нотар во име на основачот, ако неговиот идентитет е регистриран кај нотар".

Во ставот (3) зборот "нотариус" се заменува со зборот "нотар".

Член 12

Членот 111 се менува и гласи:

"(1) Кога друштвото со ограничена одговорност се основа со актот за основање или со изјава на основачот за основање на друштво со ограничена одговорност се утврдува:

1) името и местото на живеење, државјанството, како и адресата на содружниците, односно фирмата и седиштето ако основач е правно лице или податоци за нотарот кај кого е регистриран идентитетот на содружниците;

2) фирмата и седиштето на друштвото;

3) предметот на работење на друштвото;

4) времетраењето на друштвото;

5) износот на основната главнина и износот на основниот влог на секој содружник одделно, ако основниот влог се состои од предмети и права, мора тие подробно да се опишат и да се назначи нивната вредност;

6) името и местото на живеење, државјанството, како и адресата на управителот, односно на секој управител на друштвото и

7) застапувањето на друштвото.

(2) Со договорот за друштвото, односно со изјавата на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност покрај елементите од став (1) на овој член се утврдуваат и:

1) начинот и времето на уплата на паричните влогови што се уплатуваат во целост;

2) начинот и мерилата на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата;

3) управувањето на друштвото и

4) правата и обврските што содружниците ги имаат покрај уплатата на основниот влог.

(3) Со договорот за друштвото покрај работите од став (2) на овој член, можат да се уредат и други прашања и односи.

(4) Ако во договорот на друштвото се внесени одредби кои се во спротивност со овој закон, тие се ништовни."

Член 13

Во членот 112 став (3) зборовите: "5.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "2.500 ЕВРА".

Член 14

Во членот 114 став (2) зборовите: "200 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "100 ЕВРА"

Член 15

Во членот 117 став (1) зборовите: "50.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "25.000 ЕВРА".

Член 16

Во членот 119 став (1) зборовите: "3.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "1.500 ЕВРА".

Член 17

Во членот 126 став (1) во уводната реченица сврзникот "и" се брише.

Точката 1) се менува и гласи:

"1) актот за основање на друштвото, односно договорот за друштвото со содржина согласно со член 111 став (1) од овој закон;".

Точката 2) се менува и гласи:

"2) доказите и потписите согласно со член 174 став (2) од овој закон;".

Ставот (4) се брише.

Член 18

Во членот 164 став (1) зборовите: "200 ДЕМ", кои се повторуваат два пати во ставот, се заменуваат со зборовите: "100 ЕВРА".

Член 19

Во членот 173 став (4) реченицата: "Ако со договорот за друштвото сите содружници се именувани за управители, се смета дека за управители се именувани само оние кои биле содружници во времето на склучувањето на договорот", се менува и гласи: "Ако со актот за основање, односно со договорот за друштвото за управител се именува содружник, мандатот може да му трае додека му трае содружничкиот однос."

Член 20

Во членот 174 став (2) зборовите: "и промените во форма на јавно заверена исправа" се заменуваат со зборовите: "и потписи на управителите, односно на лицата овластени за застапување заверени кај нотар".

Член 21

Во членот 185 став (2) точка 1) зборовите: "100.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: 50.000 ЕВРА".

Член 22

Во членот 199 ставот (4) се менува и гласи:

"(4) Влогот се презема со изјава за преземање на влог која се дава во писмена форма. Изјавата ги содржи: износот на преземенот основен влог, податоците за сите други обврски што произлегуваат од договорот за друштвото и одлуката за зголемување на основната главнина и согласност на лицето кое не е содружник дека станува содружник и дека ги презема правата и обврските утврдени во договорот за друштвото. Изјавата се заверува кај нотар."

Член 23

Во членот 203 став (3) зборовите: "5.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "2.500 ЕВРА", зборовите: "3.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "1.500 ЕВРА" и зборовите: "10.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: 2.500 ЕВРА".

Член 24

Во членот 217 став (1) точка 1) реченицата: "Ако акциите се издадени на име или исправите за акциите не се издадени, акционерите се повикуваат со препорачано писмо веднаш да дадат изјава." се брише.

Член 25

Во членот 218 став (1) зборовите: "со нотарски акт" се заменуваат со зборовите: "кај нотар".

Во ставот (3) зборот "нотариус" се заменува со зборот "нотар".

Член 26

Во членот 223 после точката се додава нов текст кој гласи: "Основната главнина и акциите можат да гласат на странска валута."

Се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Кога основната главнина и акциите гласат на противвредност во странска валута или на странска валута во Република Македонија се продаваат и купуваат за денари."

Член 27

Во членот 224 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Најмалиот номинален износ на основната главнина, кога акционерското друштво се основа преку јавен повик, изнесува 25.000 ЕВРА во денарска противвредност, а без јавен повик 10.000 ЕВРА во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија утврден претходниот ден пред усвојувањето на актот за основање на друштвото, односно статутот или актот за промена на основната главнина на друштвото."

Во ставот (2) се брише точката на крајот од првата реченица и се додаваат зборовите: "и во други случаи утврдени со закон".

Ставот (3) се менува и гласи:

"(3) Најмалиот номинален износ на акцијата не може да биде помал од 1 ЕВРО според средниот курс на таа валута утврден и објавен од Народната банка на Република Македонија, претходниот ден пред усвојувањето на актот за основањето на друштвото, односно статутот."

Ставот (4) се брише.

Во ставот (5) кој станува став (4) зборовите: "ставовите (3) и (4)" се заменуваат со зборовите: "став (3)".

Член 28

Во членот 225 став (2) точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "Согласно со закон".

Член 29

Во членот 226 се додава нов став (1), кој гласи:

"(1) Секоја акција мора да има номинална вредност на која гласи акцијата."

Постојните ставови (1), (2) и (3) стануваат ставови (2), (3) и (4).

Член 30

Во членот 227 зборовите: "и во странска валута" се заменуваат со зборовите: " во денари или во странска валута која може да биде изразена и во денари".

Член 31

Во членот 232 ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Ставот (5) се брише.

Член 32

Во членот 234 став (2) точка 4) после зборот "акциите" се додаваат зборовите: "односно вредноста на вкупната емисија на акциите".

Ставот (3) се брише.

Член 33

Во членот 235 став (1) зборовите: "може да се предвиди издавање на" се заменуваат со зборовите: "се издава". После точката се додава нова реченица која гласи: "Потврдата се издава за сите акции од ист род."

Ставот (3) се менува и гласи:

"(3) Потврдата за акции и привремената потврда може да се користи само како легитимација за учество во собранието на друштвото, односно во основачкото собрание на друштвото со определен број гласови, на начин и под услови определени со овој закон и како доказ дека се платени акциите и дека е извршен упис на акциите во акционерската книга која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност, ако е тоа утврдено со закон."

Член 34

Називот пред членот 236 и членот 236 се менуваат и гласат:

"Елементи на електронскиот запис на акцијата

Член 236

(1) Акцијата се издава и се води како електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност.

(2) Електронскиот запис на акцијата во Централниот депозитар за хартии од вредност ги содржи следниве податоци:

1) ознака на видот и родот на акцијата;

2) местото, датумот на издавање, серискиот број со контролен број на акцијата;

3) фирмата и седиштето и матичниот број на издавачот;

4) ако сопственик на акциите е физичко лице: презимето и името, адресата и единствениот матичен број на граѓани (ЕМБГ), односно бројот на пасошот за странско лице;

5) ако сопственик на акциите е правно лице: фирмата, адресата и идентификациониот број на правното лице;

6) номиналната вредност на акцијата и начинот на кој е изразена нејзината вредност и

7) датум на запишување на акцијата во Централниот депозитар за хартии од вредност."

Член 35

Називот на членот 237 и членот 237 се менуваат и гласат:

"Начин на кој се води акционерската книга

Член 237

(1) Акционерското друштво ги евидентира издадените акции промената на сопственоста над акциите кои ја сочинуваат основната главнина на друштвото во акционерска книга на акционерското друштво што се води нематеријализирано во Централниот депозитар за хартии од вредност, на начин и под услови утврдени со закон.

(2) Органот на управување на акционерското друштво е должен да ги доставува до Централниот депозитар за хартии од вредност сите релевантни документи, податоци и факти кои се потребни за засновање и евидентирање на право што го стекнал акционер врз основа и во врска со акциите."

Член 36

Во членот 240 став (2) зборовите: "со нотарски акт" се заменуваат со зборовите: "кај нотар".

Член 37

Во членот 241 став (1) точката 7) се менува и гласи: "име, место и адреса на живеење и државјанство на првите членови на органите на управување, односно надзор, ако тие се именуваат со актот за основање, односно со статутот".

Ставот (3) се менува и гласи:

"(3) Основачите се определуваат дали друштвото кога го основаат симултано или сукцесивно прашањата од став (1) на овој член ќе ги уредат со актот за основање од став 1 на овој член или со статут."

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Кога акционерското друштво се основа со статут, со статутот мора да се уредат прашањата од став (1) на овој член. Другите прашања од кои согласно со овој закон се уредуваат со статутот, друштвото е должно да ги уреди по запишувањето на основањето на друштвото во трговскиот регистар."

Член 38

Во членот 252 ставот (1) се брише.

Во ставот (2) кој станува став (1) зборовите: "според статутот на друштвото собранието на друштвото именува" се заменуваат со зборовите: "основачите со актот за основање на друштвото, односно статутот друштвото не именувале".

Во ставот (3) кој станува став (2) бројот "2" се заменува со бројот "1".

Член 39

Во членот 268 став (1) зборот "орган" се заменува со зборовите: "претседател на органот".

Во ставот (3) точка 1) зборовите: "како и" се заменуваат со зборовите: "односно статутот со содржина утврдена во член 241 од овој закон".

Во точката 4) по зборовите: "орган на управување" се додаваат зборовите: "односно на лицето овластено од основачите".

Во точката 5) зборовите: "а ако се странци, и изјави на членовите на друштвото дека го прифаќаат нивното членство" се бришат.

Точката 6) се брише.

Точката 7) станува точка 6).

Ставот (4) се менува и гласи:

"(4) Кога основачите со актот за основање на друштвото, односно статутот на друштвото не именувале членови на орган на управување, односно на надзорен орган, записникот од став (3) точка 3) и списокот од точка 5) претседателот на органот на управување го доставува до регистарскиот суд најдоцна во рок од 15 дена од денот на одржувањето на основачкото собрание на преземачите на акции."

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Пријавата ја потпишуваат сите основачи ако со актот за основање, односно со статутот не се именувани првите членови на органот на управување и на надзорниот одбор, односно пријавата ја потпишуваат сите членови на одборот на директори, односно на управниот одбор и на надзорниот одбор кога тие се именувани со актот за основање на акционерското друштво, односно со статутот."

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: "Поднесените списи" се заменуваат со зборовите: "Потписите од став (5) на овој член се заверуваат кај нотар и".

Член 40

Во членот 269 во првата реченица зборовите: "проценувачот, односно проценувачите изјават или ако е очигледно дека извештајот на основачите или" се бришат. Во втората реченица зборовите: или ако судот смета" се бришат.

Член 41

Називот пред членот 270 се менува и гласи: "Упис".

Во ставот (1) по зборовите: "уписот на" од вториот ред се додаваат зборовите: "актот на основање, односно".

Ставовите (2) и (3) се бришат.

Член 42

Во членот 271 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Податоците запишани во трговскиот регистар согласно со овој закон се објавуваат."

Член 43

Во членот 280 став (3) зборовите: "или на јавно наддавање" се бришат.

Член 44

Во членот 281 ставови (1) и (2) по зборовите: "книгата на акции" се додаваат зборовите: "што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност".

Член 45

Во членот 284 став (1) последната реченица се брише.

Член 46

Во членот 285 став (1) зборовите: "се наоѓала кај друг" се заменуваат со зборовите: "не ја поседувал сопственикот".

Во ставот (3) по зборот "акциите" се брише запирката, а зборовите: "ако исправата во неа е запишана" се заменуваат со зборовите: "во Централниот депозитар за хартии од вредност".

Член 47

Во називот на член 289 зборовите: "кои гласат на име во книгата на акции" се бришат.

Во ставот (1) на крајот од првата реченица точката се брише и се додаваат зборовите: "која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност".

Во ставот (2) на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: "која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност". Правата и обврските од акциите настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност".

Во ставот (3) зборот "друштвото" се заменува со зборовите: "Централниот депозитар за хартии од вредност".

Во ставот (4) на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: "која ја води Централниот депозитар за хартии од вредност".

Член 48

Во членот 290 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Акциите во вид на електронски запис се пренесуваат на начин утврден со овој и друг закон".

Во ставот (2) зборовите: "се пријавува кај друштвото" се заменуваат со зборовите: " се запишува во акционерската книга која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност".

Член 49

Називот пред членот 291 и членот 291 се бришат.

Член 50

Во членот 353 став (1) по зборовите: "книгата на акции" се додаваат зборовите: "што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност".

Член 51

Во членот 354 став(2) зборовите: "дале на чување акциите во друштвото" се заменува со зборовите: "овластиле финансиските институции и здруженијата на акционерите да гласаат во нивно име".

Во ставот (4) зборовите: "ги чува акциите во друштвото или како акционер е запишан во книгата на акции" се заменува со зборовите: "е запишан во акционерската книга која се води кај Централниот депозитар за хартии од вредност како акционер".

Член 52

Во членот 357 став (1) зборовите: "положување на акциите на определено време пред одржувањето на собранието или со" се бришат.

Ставот (2) се брише.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (2) и (3).

Член 53

Во членот 411 став (2) по зборот "акција" запирката и зборовите: "вклучувајќи го и правото на издавање на исправа за акцијата", се бришат.

Член 54

Во членот 417 ставовите (2) и (3) се бришат.

Во ставот (4) кој станува став (2) запирката и зборовите: "а ако ја нема, на јавно наддавање, и тоа во она место каде може да се очекува најповолен успех за акционерите. Времето и местото на наддавањето се објавуваат во дневниот печат најмалку еден месец пред денот на наддавањето" се бришат.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (3) и (4).

Член 55

Во членот 440 став (3) втората реченица се брише.

Член 56

Во членот 480 став (3) се менува и гласи:

"(3) Со прописот од став (2) на овој член поблиску се уредува трговскиот регистар, начинот на уписот во трговскиот регистар, помошните книги што се водат кон регистарот, содржината, формата на образецот за регистрација на трговецот-поединец, односно на секоја форма на трговско друштво во трговскиот регистар, образецот и книгите на контролникот на броевите на регистарските обрасци, начинот на внесувањето на содржината на пријавите за упис во единствениот образец за уписите во трговскиот регистар, начинот на идентитетот на физичко, односно правно домашно и странско лице, начинот на објавување на уписите, електронското водење на трговскиот регистар и другите прашања од значење за уредно водење на регистарот."

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

"(4) Сите податоци од пријавата за упис на трговец-поединец, односно на трговско друштво во трговскиот регистар и измените и дополнувањата на извршениот упис се внесуваат во единствениот образец за упис во трговскиот регистар на трговецот поединец, односно на трговските друштва.

(5) Податоците запишани во трговскиот регистар се чуваат трајно."

Член 57

Во членот 481 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Судот не може да бара да се поднесуваат други документи за друштвото освен оние кои се утврдени со овој закон."

Член 58

Членот 482 се менува и гласи:

"(1) Трговскиот регистар се води механички и електронски.

(2) Електронскиот документ, електронскиот потпис и печат, архивирањето (електронско и на оригинални хартиени документи) процесирањето на предметите во судот, протокот на електронскиот документ и на оригиналните документи во процесот на регистрацијата се уредува со прописот од член 480 став (3) на овој закон во согласност со Законот за судовите, Законот за водење регистри во Република Македонија, законот со кој се уредува правната валидност на електронскиот документ и овој закон."

Член 59

Во членот 483 став (2) зборовите: "се врши врз основа на одлука на" се заменуваат со зборовите: "го врши".

Член 60

Во членот 484 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Ако идентитетот на содружниците е регистриран кај нотар, лицето должно да ги пријави фактите од став (1) на овој член, постапува по овластување на нотарот."

Ставот (2) станува став(3).

По ставот (3) кој станува став (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7), кои гласат:

"(5) Уписот се врши по пријава на фактите кои подлежат на упис кои ги поднесува овластеното лице, освен кога со закон поинаку не е уредено, а по службена должност само кога тоа со овој закон е определено.

(6) Идентитетот на домашни физички лица се докажува со лична карта, а за домашните правни лица со единствениот идентификационен број на правното лице. Странските правни лица се идентификуваат со заверен превод или друг службен документ од регистарот на правните лица во државата во која имаат регистрирано седиште, а странските физички лица со документ за државјанство, односно со извод од друга службена евиденција од државата чии се државјани или важечки пасош.

(7) Ако идентитетот на лицата од став (6) на овој член е регистриран кај нотар, наместо нивниот идентитет се утврдува идентитетот на нотарот со лична карта и нотарска легитимација."

Член 61

Во членот 485 ставот (1) се менува и гласи:

"(1) Податоците запишани во трговскиот регистар се јавни. Податоците запишани во трговскиот регистар и доказите и исправите кои се во збирката на исправи може секој да ги разгледува без докажување на правен интерес, да ги препишува и да бара да му се издаде заверен препис на трошок на барателот."

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

"(4) Ако уписот се врши според член 484 став (2) од овој закон, нотарот е должен да го објави идентитетот на содружниците единствено на барање на надлежен суд.

(5) Министерот за правда ќе ги пропишува условите и начинот на увид во податоците кои се водат електронски со потребни технички средства и опрема."

Член 62

Во членот 486 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) "Службен весник на Република Македонија" најмалку двапати месечно, а по потреба и во покус рок, издава специјално издание со податоци од трговскиот регистар."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 63

Членот 487 се менува и гласи:

"(1) Уписот во трговскиот регистар е извршен од денот на уписот, доколку со овој или друг закон не е пропишано поинаку.

(2) Уписот во трговскиот регистар има правно дејство, односно може да се истакнува спрема трети лица од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", доколку со овој или друг закон не е пропишано друго."

Член 64

Во членот 489 став (2) зборовите: "лично се извршуваат во судот или" се бришат. На крајот од истиот став точката се брише и се додаваат зборовите: "кај нотар".

Член 65

Во членот 491 став (1) по зборот "должен" се додаваат зборовите: "во роковите утврдени со овој закон", а зборот "законот" се заменува со зборовите: "овој закон".

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

"(3) Судот е должен во рок од осум дена од денот на поднесувањето на пријавата за упис да донесе решение за упис или решение со кое се одбива уписот, освен ако судот не постапил според член 511 од овој закон.

(4) Судот ќе одбие упис на трговско друштво во трговскиот регистар или други податоци кои се запишуваат во трговскиот регистар само ако пријавата за упис не ги содржи сите податоци кои се утврдени со овој закон, процената не е потпишана од проценител, односно од проценител кој не е од листата одобрена од судот или процената не содржи мислење дека е точно она што е наведено во процената во однос на непаричните влогови или ако пријавата содржи податоци кои не се во согласност со закон."

Член 66

Називот пред членот 492 и членот 492 се бришат.

Член 67

Називот пред членот 493 и членот 493 се менуваат и гласат:

"Одлагање на упис

Член 493

Ако уписот на податок, односно факт кој согласност со овој закон се запишува во трговскиот регистар зависи од претходно правно прашање за кое е надлежен суд, регистарскиот суд може уписот да го одложи до решавањето на претходното правно прашање."

Член 68

Во членот 495 став (1) зборот "судскиот" се заменува со зборот "трговскиот", а зборовите: "во рок од 60 дена по поднесување на надлежниот државен орган, односно фонд доказ дека ги намирил обврските определени со закон или врз основа на закон" се заменуваат со зборовите: "и изјава дека ги платил обврските определени со закон".

Ставовите (3), (4), (5) и (6) се бришат.

Член 69

Во членот 496 ставовите (2), (3) и (5) се бришат.

Ставот (4) станува став (2).

Член 70

Во членот 497 став (1) зборовите: "писмена пријава" се заменуваат со зборовите: "барање за упис кое се поднесува на еден регистрационен образец".

Ставот (5) се брише.

Член 71

Во членот 498 се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Со постапката судот раководи со заклучок."

Член 72

Во членот 499 став (2) на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "или мирување на постапката".

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

"(3) Против заклучокот не е дозволена жалба.

(4) Против правосилното решение не е дозволена ревизија и повторување на постапката."

Член 73

Во членот 500 став (2) зборовите: "субјектот на уписот, односно" се бришат, а зборовите: "друштвото спрема кое" се заменуваат со зборовите: "субјектот спрема кој".

Во ставот (3) по точката се додава нов текст кој гласи:

"Ако во постапката учествуваат повеќе учесници и се предизвикуваат трошоци во постапката, судот со решението за упис ќе одлучи и за трошоците согласно со правилата од Законот за парнична постапка."

Член 74

Во членот 501 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) За упис на трговец поединец е надлежен судот според местото кое ќе го определи трговецот за вршење на дејноста, а ако тоа не е утврдено, тогаш спрема местото на живеење."

Член 75

Во членот 506 став (2) запирката по зборот "регистар" и зборовите: "како и други податоци што мора да ги има секој поднесок" се бришат.

Ставот (5) се брише.

Член 76

Во членот 507 став (1) на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "утврдени со овој закон".

Во ставот (2) зборовите: "надлежниот суд или друг орган надлежен за заверка" се заменуваат со зборот "нотар".

Член 77

Називот пред членот 508 и членот 508 се менуваат и гласат:

"Испитување на услови за упис

Член 508

(1) Пред донесувањето на решение по барањето за упис во трговскиот регистар, регистарскиот суд утврдува дали се исполнети сите претпоставки за упис, дали постојат услови, односно дали пријавата е дозволена.

(2) Ако судот утврди дека не е стварно и месно надлежен за поставување по пријавата за упис, во рок не подолг од три дена, ќе се огласи како ненадлежен и по правосилноста на решението пријавата ќе му ја отстапи на надлежниот регистарски суд."

Член 78

Називот пред членот 509 се менува и гласи: "Услови за упис".

Во членот 509 зборовите: "Формални услови од член 508 на овој закон "се заменуваат со зборовите: "Се смета дека пријавата е основана ако".

Во точките 1), 2) и 3) се брише зборот "да".

Точката 4) се менува и гласи:

"4) ако исправите и доказите се со пропишана содржина само за податоците кои се запишуваат во трговскиот регистар утврдени со овој закон;".

Точките 5) и 6) се бришат.

Член 79

Називот пред членот 510 и членот 510 се бришат.

Член 80

Во членот 511 став (1) зборовите: "му ја врати пријавата заради исправка или дополнување" се заменуваат со зборовите: "го повика подносителот да ја уреди согласно со законот. Судот може да го повика подносителот и усмено да му укаже да ги отстрани материјалните и процесните недостатоци за упис во трговскиот регистар за што ќе се состави службена белешка која ја потпишува подносителот".

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

"(3) Кога судот постапил според став (1) од овој член ќе одреди дополнителен рок кој не може да биде подолг од осум дена.

(4) Ако подносителот не постапи според став (1) од овој член судот ќе ја врати пријавата заради исправка или дополнување."

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (5), (6) и (7).

Член 81

Називот пред членот 512 и членот 512 се бришат.

Член 82

Во членот 513 ставот (1) се брише.

Ставот (2) кој станува став (1) се менува и гласи:

"(1) Ако пријавата е поднесена од лице кое не е овластено согласно со законот да поднесе пријава, судот пријавата со доказите ќе ја достави до субјектот на упис. Со заклучокот со кој се доставува пријавата судот ќе го предупреди субјектот на упис за последиците дека ќе се направи упис доколку не се противи. Доколку во рок од осум дена од доставувањето на пријавата субјектот спрема кој се бара упис не се спротивстави на уписот и доколку се исполнети сите други услови утврдени со овој закон, судот ќе изврши упис во трговскиот регистар."

Ставот (3) станува став (2).

Член 83

Називот пред членот 514 и членот 514 се бришат.

Член 84

Називот пред членот 515 и членот 515 се бришат.

Член 85

Во членот 516 став (2) во првата реченица после зборот "предлагачот" се додаваат зборовите: "во рок од три дена".

Член 86

Во членот 517 став (1) зборовите: "до донесувањето на решението". се бришат.

Член 87

Називот пред членот 518 и членот 518 се менуваат и гласат:

"Одлучување на судот за упис

Член 518

(1) Судот донесува решение по пријавата и барањето без одржување на рочиште и тоа за секое барање за упис и за сите податоци што се предмет на упис.

(2) Судот може по барање за упис да одлучува делумно и поединечно за упис на секој податок за кој се бара упис со една пријава, односно во исто време да одлучува за повеќе податоци. Во тој случај судот може да го одбие барањето за упис, при што постапката по жалба не го задржува извршувањето на решението во делот во кој судот донел одлука за упис.

(3) Кога уписот во трговскиот регистар зависи од претходно правно прашање за кое е надлежен суд, тогаш регистарскиот суд ќе го реши тоа прашање, освен ако со друг закон поинаку не е одредено."

Член 88

Називот пред членот 519 и членот 519 се менуваат и гласат:

"Содржина на решението за упис и на заклучокот

Член 519

(1) Решението за упис во трговскиот регистар е содржано на образецот за упис во трговскиот регистар.

(2) Решение со кое се одбива, отфрла или повлекува предлогот, како и решение кое е донесено по службена должност, како и во постапките во кои се држи рочиште или се одлучува за спротивставени барања на учесниците, содржи увод, изрека и правна поука и образложение.

(3) Заклучокот има увод и изрека. Изреката задолжително мора да содржи и поука за правните последици на подносителот на пријавата за непостапување по заклучокот."

Член 89

Во членот 520 став (1) зборовите: "регистарските листови" се заменуваат со зборовите: "трговскиот регистар", а по зборот "суд" се додаваат зборовите: "по службена должност ќе донесе решение за исправка и".

Во ставот (2) зборовите: "регистарските листови и преводот на регистарските листови" се заменуваат со зборовите: "трговскиот регистар и преводот на запишаните податоци".

Член 90

Во членот 522 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Ако регистарскиот суд не ги прифати забелешките на судот на уписот, за тоа ќе го извести судот на уписот, кој е должен без одлагање да изврши упис."

Член 91

Називот пред членот 523 и членот 523 се бришат.

Член 92

Називот пред членот 524 и членот 524 се бришат.

Член 93

Називот пред членот 525 и членот 525 се менуваат и гласат:

"Промени, односно бришење на податоци

Член 525

(1) Учесникот има право да бара упис на промени, односно бришење на уписот на определени податоци запишани во трговскиот регистар.

(2) Учесникот е должен при поднесувањето на барањето од став (1) на овој член да ги приложи исправите со кои ја докажува основаноста на барањето."

Член 94

Називот пред членот 526 и членот 526 се бришат.

Член 95

Во членот 527 став (3) зборот "конечен" се брише, а бројот "30" се заменува со зборот" осум".

Член 96

Во членот 528 став (2) зборовите: "приложуваат нови исправи" се заменуваат со зборовите: "предлагаат нови докази со кои се докажуваат фактите кои се запишуваат".

Во ставот (4) точката се брише и се додаваат зборовите: "најдоцна во рок од осум дена од денот на поднесувањето на жалбата".

Член 97

Во членот 529 ставот (2) се брише.

Член 98

Во членот 530 став (2) бројот "15" се заменува со зборот "осум".

Член 99

Во членот 531 став (1) зборовите: "конечен упис во рок од 30 дена од денот на сознанието на уписот, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на извршениот" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Регистарскиот суд ќе го брише неоснованиот упис ако утврди дека уписот бил ништовен, односно недопуштен или подоцна станал недозволен."

Член 100

Во членот 532 став (3) зборовите: "конечниот упис" се заменуваат со зборот "уписот".

Член 101

Во називот пред членот 534 и во членот 534 во ставовите (1) и (4) зборот "конечниот" се брише.

Ставот (2) се менува и гласи:

"(2) Регистарскиот суд донесува решение со кое ги задолжува основачите да поднесат пријава за поведување постапка за ликвидација на субјектот на уписот во рок од 15 дена од правосилноста на решението."

Ставот (3) се менува и гласи:

"(3) Доколку основачите не постапат по наредбата на судот и во рокот не поднесат пријава за ликвидација сите права и обврски ги преземаат неограничено и солидарно."

Член 102

Називот пред членот 535 и членот 535 се бришат.

Член 103

Називот пред членот 536 и членот 536 се бришат.

Член 104

Пред членот 537 во Одделот петти називот: "ТРГОВСКИ КНИГИ И ГОДИШНИ СМЕТКИ" се менува и гласи: "ВОДЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВОТО, РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ТРГОВЦИТЕ, ТРГОВСКИТЕ КНИГИ И ГОДИШНИТЕ СМЕТКИ" и се додаваат два нови пододдели и два нови члена 536-а и 536-б, кои гласат:

"Прв пододдел

Водење на сметководството

Член 536-а

Трговецот води сметководство, составува и поднесува сметководствени искази во согласност со овој закон, општо прифатените сметководствени принципи, сметководствената практика и прифатените сметководствени стандарди, со цел вистинито и чесно да ја прикаже состојбата на средствата, капиталот, обврските и резултатите од работењето.

Втор пододдел

Распоредување на трговците

Член 536-б

(1) Трговците од аспект на опфатеноста на сметководствената евиденција, во смисла на овој закон, се распоредуваат во големи, средни или мали трговци, во зависност од бројот на вработените и износот на средствата по годишните сметки во последните две години (пресметковни години).

(2) Во првата година од работењето трговецот се распоредува според проценетиот обем на своето работење, а во втората според податоците од претходната година на работењето.

(3) Распоредувањето од еден трговец во друг, согласно со став (1) на овој член, не може да се врши во текот на годината.

(4) Мал трговец се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето задоволил најмалку два од следниве критериуми:

1) просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 50 работници;

2) годишниот приход да е помал од 8.000 просечни месечни бруто плати по работник во стопанството на Република Македонија и

3) просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 6.000 просечни месечни бруто плати по работник во стопанството на Република Македонија.

(5) Среден трговец се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето задоволил најмалку два од следниве критериуми:

1) просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 250 работници;

2) годишниот приход да е помал од 40.000 просечни месечни бруто плати по работник во стопанството на Република Македонија и

3) просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 30.000 просечни месечни бруто плати по работник во стопанството на Република Македонија.

(6) Трговците кои не се распоредуваат во мали или средни трговци стекнуваат статус на големи трговци.

(7) Доколку за трговецот во последните две пресметковни години се утврдени различни податоци од значење за распоредувањето, трговецот го задржува распоредувањето од последната година.

(8) Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар ги објавува податоците за просечните месечни бруто плати по работник во стопанството на Република Македонија, до крајот на март во тековната година за претходната година.

(9) Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар на кој му се доставуваат годишните сметки и кој врши надзор во рок од 60 дена од рокот пропишан за предавање на последната сметка врз основа на која трговецот се распоредува според одредбите на став (1) од овој член го известува трговецот за распоредувањето.

(10) Народната банка на Република Македонија, банките, друштвата за осигурување и другите финансиски институции и трговците кои составуваат консолидарни сметководствени искази, се распоредуваат согласно со одредбите од овој член кои се однесуваат на големите трговци."

Првиот пододдел станува трет пододдел.

Член 105

Во членот 537 став (3) зборовите: "двојното (двострано)" се заменуваат со зборот "двојно".

Член 106

Во членот 538 ставот (5) се менува и гласи:

"(5) Трговските книги по системот на двојно книговодство се водат според прифатените сметководствени начела, стандарди, принципи и сметководствена практика, со примена на единствени сметки пропишани со сметковен план."

По ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8), кои гласат:

"(6) Трговецот според своите потреби ги расчленува сметките од сметководниот план на аналитички сметки (во својот аналитички сметковен план).

(7) Владата на Република Македонија ги пропишува сметковните планови од став (5) на овој член.

(8) Министерот за финансии донесува поблиски прописи за начинот на прибирањето и обработката на податоците во книговодството и на книговодствените исправи и ја пропишува формата и содржината на трговските книги и извештаи."

Член 107

Во членот 539 став (3) зборовите: "Инвентарот (пописот)" се заменуваат со зборовите: "Пописот (инвентарот)".

Во ставот (4) зборовите: "составување инвентар" се заменуваат со зборовите: "вршење попис (инвентар)".

Член 108

По членот 539 се додаваат седум нови називи и седум нови члена 539-а, 539-б, 539-в, 539-г, 539-д,539-ѓ и 539-е, кои гласат:

"Амортизација

Член 539-а

(1) Амортизационите стапки самостојно ги утврдува трговецот, со тоа што за годишната сметка се применуваат годишните амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.

(2) Владата на Република Македонија ја пропишува Номенклатурата на средства за амортизација со годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства.

Методи за пресметување на амортизацијата

Член 539-б

(1) Трговецот со општ акт, а во согласност со одредбите на овој закон, може да врши отпишување на средствата по една од методите за амортизација имајќи ги определбите предвидени со сметководствената политика.

(2) Вкупната амортизација утврдена при било кој метод на отпишување не може да биде помала од 50% од годишната амортизација, пресметана според пропишаните стапки, но вкупната вредност на амортизација да се обезбеди во предвидениот рок на употреба.

(3) По исклучок од одредбите на став (2) од овој член, годишната стапка на отпишување на објектите на комуналната инфраструктура во првите пет години на користење не може да биде пониска од една четвртина од пропишаните стапки.

(4) По исклучок од одредбите на став (2) од овој член годишната стапка на отписот на објектите и постројките што етапно се пуштаат во користење во текот на тоа пуштање, но не подолго од пет години, не може да биде пониска од една четвртина од пропишаната стапка.

(5) Кога трговецот применува стапки на забрзана амортизација, ваквите стапки неможат да бидат повисоки од 25% од пропишаните.

Проценување на земјишта и шуми

Член 539-в

(1) Трговецот врши проценување на земјиштето по пазарна цена, а доколку таа не е позната, проценувањето се врши на следниот начин:

1) на градежното земјиште - во висина на вредноста што одговара на висината на надоместокот утврден согласно со прописите за експропријација, и

2) на земјоделското и друго земјиште во висина на основицата за наплата на данокот на промет на соодветното земјиште, утврдена согласно со прописите за данокот на промет на земјиште.

(2) Процената на вредноста на шумите се врши според податоците утврдени со пописот, односно со процената на количеството на дрвната маса на одделни видови дрва, дебелинската структура и квалитетот на дрвната маса, сметано по пазарните цени на најблиското продажно место (камионски пат, железничка станица, пловен објект и слично).

(3) Критериумите за утврдување на количеството на дрвната маса, нејзината структура и другите елементи од значење за утврдување на вредноста на шумите ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Ревалоризација

Член 539-г

(1) Трговецот при изработката на периодичната, односно годишната сметка, ги ревалоризира нематеријалните и материјалните средства, вклучувајќи ја и нивната амортизација со стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи.

(2) По исклучок од одредбата на став (1) од овој член, ревалоризација на земјиштето и шумите по годишната сметка претставува разлика меѓу проценетата вредност на тие природни богатства на крајот од пресметковниот период според одредбите на член 539-в од овој закон и нивната книговодствена вредност.

(3) По исклучок од одредбата на став (1) од овој член, ревалоризација на основното стадо претставува разлика меѓу вредноста на основното стадо на крајот на пресметковниот период според пазарните цени и вредностите искажани во сметководството по утврдување на вкупниот приход врз основа на прирастот на основното стадо.

Надоместување на одделни расходи

Член 539-д

(1) Трговецот ги надоместува расходите врз основа на камати, негативни курсни разлики и слични расходи врз основа на обврските за постојани средства искажани во билансот на успехот на товар на ревалоризационата резерва, а најмногу до износот на ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства од член 539-г на овој закон.

(2) Трговецот може да одлучи да не ја применува во целост или делумно одредбата на став (1) од овој член, ако порастот на цените на производителите на индустриски производи во последниот месец од пресметковниот период спрема истиот месец претходната година не надминува 10%.

Ревалоризација на пласманите, побарувањата и обврските

Член 539-ѓ

(1) Пласманите, побарувањата и обврските се ревалоризираат доколку тоа е утврдено со спогодба односно со договор, но најмногу до стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи.

(2) Ревалоризацијата од став (1) на овој член и курсните разлики се искажуваат во рамките на расходите, односно приходите.

(3) Пресметката на каматите во покуси периоди од периодот за кој е утврдена каматната стапка се врши по конформната метода, ако порастот на цените на мало во последниот месец од пресметковниот период спрема истиот месец претходната година надминува 10%, односно доколку договорената стапка е над 10%.

Пропишување на начинот на ревалоризацијата

Член 539-е

Министерот за финансии го пропишува начинот на ревалоризација од членовите 539-г до 539-ѓ на овој закон."

Член 109

Називот пред членот 540 се менува и гласи: "Чување на трговските книги".

Член 110

По членот 546 се додаваат девет нови називи и девет нови члена 546-а, 546-б, 546-в, 546-г, 546-д, 546-ѓ, 546-е, 546-ж и 546-з, кои гласат:

"Овластен сметководител-ревизор

Член 546-а

(1) Лицето кое, како професионален сметководител, врши услуги од областа на јавната практика, согласно со дефинициите на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC), е должно да поседува уверение за овластен сметководител-ревизор.

(2) Овластениот сметководител - ревизор мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има високо образование - дипломиран економист;

2) да има уверение на овластен сметководител - ревизор и

3) да даде изјава дека во работењето ќе ги применува правилата утврдени со Кодексот на етика за професионалните сметководители.

(3) Кандидатот за полагање на испитот за звањето овластен сметководител-ревизор, мора да има најмалку пет години работно искуство на сметководствени или финансиски работи, односно три години работно искуство на работи на ревизија или контрола.

Стекнување на звањето овластен сметководител-ревизор

Член 546-б

(1) Испитот за стекнување на звањето овластен сметководител-ревизор се полага пред Комисија формирана од страна на Советот на овластени сметководители-ревизори, кој дејствува самостојно во рамките на Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот).

(2) Комисијата за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен сметководител - ревизор е составена од стручни лица - овластени сметководители-ревизори - определени од Советот.

(3) Испитот за стекнување на звањето овластен сметководител-ревизор се полага според програма што ја донесува Советот, по претходна согласност на министерот за финансии.

(4) На лицето кое ќе го положи испитот од став (1) на овој член, Советот му издава уверение на овластен сметководител-ревизор.

(5) Формата и содржината на образецот на уверението, како и начинот на полагање на испитот за овластен сметководител - ревизор ги пропишува министерот за финансии, по предлог на Советот.

(6) Трошоците за полагање на испитот за овластен сметководител - ревизор се на товар на лицето кое го полага испитот.

(7) Лицата кои во странство стекнале исправа за овластен сметководител - ревизор мораат да ги исполнуваат условите од член 546-а на овој закон и да извршат нострификација на исправата во Министерството за финансии, според начин и постапка утврдени од министерот за финансии.

Членство во Советот

Член 546-в

(1) Со стекнувањето на звањето на овластен сметководител - ревизор, заради заштита на јавноста и репутацијата на самата професија и обезбедување на сигурност дека условите на овластениот сметководител - ревизор ќе бидат извршувани на едно високо професионално ниво, овластениот сметководител - ревизор станува член на Советот.

(2) Членовите на Советот од своите редови избираат претседател на Советот со мандат од една година.

Одземање на уверението за овластен сметководител-ревизор

Член 546-г

(1) Советот го одзема уверението за овластен сметководител - ревизор, како и нострифицираното звање на овластен сметководител-ревизор на лицето кое не ги почитува правилата утврдени со Кодексот на етиката за професионалните сметководители, како и на лицето кое е осудено за кривично дело кое го прави неподобен за професијата на сметководител-ревизор.

(2) Против решението од став (1) на овој член може да се поднесе жалба до министерот за финансии.

(3) Против решението од министерот за финансии може да се поднесе тужба до Врховниот суд на Република Македонија.

Перманентна едукација

Член 546-д

Лицето кое го стекнало звањето овластен сметководител - ревизор е должно перманентно да се едуцира во функција на одржување на професионалната компентентност, според Програмата за едукација донесена од Советот, согласно со Кодексот на етика за професионалните сметководители.

Заштита на професијата на овластени сметководители - ревизори

Член 546-ѓ

Советот се грижи за развивање и поттикнување на сметководствената и ревизорската професија која ќе може да обезбеди услуги со доследно висок квалитет во интерес на јавноста.

Кодекс на етика за професионалните сметководители

Член 546-е

(1) Кодексот на етика за професионалните сметководители го донесува Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија (во натамошниот текст: Сојузот).

(2) Со Кодексот од став (1) на овој член се утврдуваат етичките барања (детални правила, насоки, стандарди на однесување) за професионалните сметководители и ги установува основните принципи кон кои треба да се придржуваат и овластените сметководители-ревизори, со цел да се обезбеди највисок квалитет за нивното успешно работење и ја потврдува јавната доверба во професијата.

Водење на регистар

Член 546-ж

(1) За овластените сметководители - ревизори, кои како професионални сметководители вршат професионални услуги, се води регистар.

(2) Регистарот од став (1) на овој член го води Советот.

Давање на согласност

Член 546-з

(1) На одредбите од Статутот на Сојузот, кои се однесуваат на Советот, во функција на обезбедување услуги со висок квалитет во интерес на јавноста, министерот за финансии дава согласност."

Член 111

Пред називот на членот 547 се додаваат зборовите: "Четврт пододдел".

Називот пред членот 547 се менува и гласи: "Годишна сметка".

Член 112

Во членот 547 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

"(4) Малите трговци не сочинуваат годишен извештај.

(5) Министерот за финансии ќе определи кои посебни податоци се потребни за системот на државната евиденција и ќе ја пропише формата и содржината на образецот за системот на државната евиденција."

Член 113

Во членот 549 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) По исклучок на став (1) од овој член, годишните сметки, кои согласно со овој закон се подведуваат под ревизија, се потпишуваат од страна на овластените сметководители-ревизори."

Член 114

Во членот 550 став (2) на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "како и содржината на одделни сметки во сметководниот план".

Член 115

Вториот пододдел пред членот 552 и називите се менуваат со нов назив, кој гласи: "Изготвување и доставување на годишните сметки".

Член 116

Во членот 552 став (1) зборот "состават" се заменува со зборот "изготват".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) По исклучок на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, трговците со сезонски карактер на дејноста можат годишната сметка да ја изготват за деловната година која е различна од календарската година, за што министерот за финансии издава решение врз основа на посебно барање на трговецот."

Во ставот (3) кој станува став (4) зборот "Составуваат" се заменува со зборот "изготвуваат".

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

"(5) Годишните сметки се доставуваат до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар до крајот на февруари наредната година, односно во рок од 60 дена од денот на отворањето на постапката за редовна ликвидација или постапка на стечај или настанувањето на статусна промена, а сметките изготвени за покуси периоди од ставовите (1) и (3) на овој член се доставуваат до крајот на наредниот месец по истекот на последниот месец од пресметковниот период."

Член 117

По членот 555 се додаваат три нови називи и три нови члена 555-а, 555-б и 555-в, кои гласат:

"Сметководствени стандарди

Член 555-а

(1) Сметководствени стандарди кои се применуваат во Република Македонија се прифатени Меѓународни сметководствени стандарди утврдени од Комитетот за Меѓународни сметководствени стандарди (IASC) и установените сметководствени стандарди утврдени од Македонскиот одбор за сметководствени стандарди.

(2) Заради следење, усогласување и објаснување на примената на сметководствените стандарди од став (1) на овој член се формира Македонски одбор за сметководствени стандарди (во натамошниот текст: Одбор за сметководствени стандарди).

(3) Одборот за сметководствени стандарди е единствено овластен за прифаќање, установување и објавување на сметководствените стандарди од став (1) на овој член.

Одбор за сметководствени стандарди

Член 555-б

(1) Одборот за сметководствени стандарди е самостоен стручен орган со својство на правно лице кое е составен од деветнаесет члена.

(2) Од редот на членовите на Одборот за сметководствени стандарди се избира претседател и двајца потпретседатели.

(3) Одборот за сметководствени стандарди го сочинуваат претставници од Советот, стручни лица - членови на Сојузот, претставници од одделни министерства, Комисијата за хартии од вредност, Народната банка на Република Македонија и врвни стручни лица од струката и науката.

Функции на Одборот за сметководствени стандарди

Член 555-в

(1) Одборот за сметководствени стандарди ги врши следниве функции:

1) развој на сметководствената струка во Република Македонија согласно со претприемачката и пазарната слобода;

2) следење и објаснување на примената на сметководствените стандарди во Република Македонија и усогласување на нашиот пресметковен систем со нив, со што врши пропишување на сметководствената регулатива на територијата на Република Македонија преточена во македонски сметководствени стандарди.

3) заземање на мислења и ставови во врска со сметководствените стандарди, ако не се достапни или конкретни, со цел финансиските извештаи на претприемачите од Република Македонија да бидат прифатливи на меѓународниот пазар на капитал. Усвоените мислења и ставови од Одборот за сметководствени стандарди, претставуваат составен дел на сметководствените стандарди и, по претходно добиена согласност од министерот за финансии, истите се објавуваат и се задолжителни за сите субјекти;

4) здружување во светски и европски соодветни асоцијации и поврзување со такви асоцијации од одделни земји;

5) носи Деловник за работа, на кој согласност дава министерот за финансии, и

6) врши други работи поврзани со активностите на Одборот за сметководствени стандарди."

Член 118

Во членот 556 став (2) зборот "сите" се заменува со зборовите: "големите и средните трговци организирани како".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(4) По исклучок на став (2) од овој член, малите трговци организирани како акционерски друштва, годишните сметки ги подведуваат под ревизија доколку нивните хартии од вредност котираат на берза и доколку поинаку не е уредено со друг закон."

Во ставот (3) кој станува став (4) во точката 2) зборовите: "6.000.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "3.000.000 ЕВРА", а во точката 3) зборовите: "1.500.000 ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "750.000 ЕВРА".

Член 119

По членот 559 се додава нов назив и нов член 559-а, кој гласи:

"Субјекти на кои се применува Законот

Член 559-а

Одредбите на овој закон во однос на водење на сметководството, распоредување на трговците, трговските книги и годишните сметки соодветно се применуваат и на правните и физичките лица со седиште во Република Македонија кои вршат дејност утврдена со Законот за национална класификација на дејностите, кои не се сметаат за трговци согласно со овој закон и други прописи, доколку вршат деловен потфат."

Член 120

Третиот пододдел пред членот 560 станува петти пододдел.

Член 121

По членот 565 се додава нов назив и нов член 565-а, кои гласат:

"Објавување на податоци

Член 565-а

(1) Државниот завод за статистика ги утврдува и ги објавува во "Службен весник на Република Македонија":

1) месечниот коефициент на порастот на цените на производителите на индустриски производи - до десетти во месецот за претходниот месец;

2) коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на месецот - до десетти во месецот за претходниот месец;

3) коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од секој месец во годината до крајот на годината - до 10 јануари за претходната година;

4) коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи во однос на истиот месец претходната година - до десетти во месецот за претходниот месец и

5) коефициентот на порастот на просекот на животните трошоци во Република Македонија во периодот од почетокот на годината до крајот на месецот во однос на просекот на животните трошоци во Република Македонија во претходната година до десетти во месецот за претходниот месец.

(2) Народната банка на Република Македонија до 10 јули ги објавува во "Службен весник на Република Македонија" цените на благородните метали на светскиот пазар по кои се изведува вредноста на благородните метали и предметите од благородни метали, односно со содржина на благородни метали, кои се внесуваат во билансот на 30 јуни, а до 10 јануари цените на 31 декември од претходната година, при што овие цени ги изразува во денари, врз основа на просечните цени од три до пет најголеми светски берзи."

Член 122

Во членот 706 ставот (1) се менува и гласи:

"Со парична казна од 150.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок трговското друштво ако".

Во ставот (1) по точката 3) се додава нова точка 3-а), која гласи:

"3-а) не ја врши амортизацијата и ревалоризацијата на начинот и по постапката пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (членовите 539-а до 539-ѓ);".

Во ставот (2) бројот "15.000" се заменува со бројот "20.000".

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

"(3) Со парична казна од 60.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок трговецот-поединец за дејствијата од став (1) на овој член.

(4) За прекршок од дејствијата од став (1) на овој член, покрај паричната казна се изрекува и мерка на безбедност забрана за вршење на дејноста на трговецот, а на одговорното лице во трговското друштво забрана за вршење на функцијата на одговорното лице, во траење од три месеци до една година."

Член 123

Во членот 711 став (1) точка 2) по зборовите: "книгата на акции" се додаваат зборовите:"што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност".

Во истиот став во точката 3) после бројот "2" се додаваат следните зборови: "и член 504".

Член 124

По членот 718-а се додаваат девет нови члена 718-б, 718-в, 718-г, 718-д, 718-ѓ, 718-е, 718-ж, 718-з и 718-ѕ, кои гласат:

"Член 718-б

Трговците кои деловните книги ги водат согласно со Законот за сметководството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93, 48/93, 6/95, 32/98 и 39/99) и Законот за персонален данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97 и 8/2001), како и прописите донесени врз основа на нив, продолжуваат да ги применуваат контните планови, билансните шеми и работните книги согласно со прописите што важеа во 2000 година до донесувањето на нови прописи согласно со овој закон, Законот за сметководството и Законот за персонален данок на доход.

Член 718-в

Субјектите кои на денот на влегувањето во сила на овој закон не извршиле трансформација согласно со закон, ги применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на водење на сметководството, распоредување на трговците, трговските книги и годишните сметки.

Член 718-г

Одредбите од член 539-а до 539-е и одредбите од член 565-а став (1) на овој закон, ќе се применуваат до донесувањето на нови прописи согласно со овој закон, Законот за данок на добивка и Законот за персонален данок на доход.

Член 718-д

Одредбата од член 546-а став (2) точка 1) на овој закон, која се однесува на исполнување на условот за дипломиран економист, ќе се применува до 31 декември 2002 година.

Член 718-ѓ

Одредбите од членовите 546-б и 456-г на овој закон, ќе се применуваат од 31 декември 2001 година.

Член 718-е

Кандидатот кој, до денот на примената на одредбите од член 546-б на овој закон, го положил испитот за стекнување на звањето овластен ревизор согласно со одредбите на Законот за ревизијата, во исто време се стекнува со звањето овластен сметководител-ревизор, во смисла на овој закон.

Член 718-ж

Одредбата од член 549 став (2) на овој закон ќе се применува со изготвувањето на годишната сметка за 2002 година.

Член 718-з

Комисијата за сметководствени стандарди, со денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжува да работи како Одбор за сметководствени стандарди.

Член 718-ѕ

До конституирањето на Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар, работите од надлежност на Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар, согласно со член 536-б ставови (8) и (9) од овој закон ги врши носителот на платниот промет, а доставувањето на годишните сметки до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар, согласно со член 552 став (5) од овој закон се врши до носителот на платниот промет кај кого друштвото има жиро сметка."

Член 125

По членот 722 се додаваат два нови члена 722-а и 722-б, кои гласат:

"Член 722-а

(1) На конверзијата во ЕВРО на вредноста на главнината и на акциите, односно уделите кои се изразени во ДЕМ, на деноминацијата, на повлекувањето и поништувањето на исправите за акциите (отпечатените акции и талони) кои треба да се извршат заради усогласувањето со одредбите од овој закон заради конверзија на ДЕМ во ЕВРО, не се применуваат одредбите на овој закон што се однесуваат за конверзија на вредноста на главнината, односно на акциите, за деноминацијата и повлекувањето и поништувањето на акциите и за начинот на одлучувањето за овие прашања.

(2) Конверзијата на ДЕМ во ЕВРО, деноминацијата, повлекувањето и поништувањето на исправите за акциите (отпечатените акции и талони) кои треба да се извршат заради усогласувањето со одредбите од овој закон, друштвата се должни да го извршат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, со одлука за измена и дополнување на договорот за друштвото, односно на статутот на друштвото која ја донесува управителот, односно управителите, одборот на директорите, односно управниот одбор на друштвото.

Член 722-б

(1) Одредбите од овој закон што се однесуваат на електронското издавање на акциите ќе се применуваат од рокот утврден во законот со кој се уредува правната валидност на електронските документи.

(2) Трговскиот регистар ќе започне да се води механички и електронски најдоцна шест месеци по донесувањето на законот со кој се уредува правната валидност на електронските документи."

Член 126

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**992.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2396/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2001), во членот 8 во ставот (1) по зборот "приходи", се додаваат зборовите: "по претходна согласност на министерот за финансии".

Член 2

Во членот 12, ставот (3) се менува и гласи:

"(3) Доколку движењето на акцизни добра се врши меѓу акцизни складови на ист имател на акцизна дозвола во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, а за тоа постои стопанска потреба и не се нарушуваат даночните принципи, Управата за јавни приходи може да одобри, по претходна согласност од министерот за финансии, наместо акцизен документ примена на упростен акцизен документ."

Член 3

Во членот 13 во ставот (1) последната реченица се брише.

Член 4

Во членот 20 во ставот (2) по зборовите: "мерење на" зборовите: "произведените, преработените, складираните и испорачаните", се заменуваат со зборовите: "испратени кон нив".

Член 5

Во членот 21 во ставот (1) по зборот: "приходи", се додаваат зборовите: "по претходна согласност на министерот за финансии".

Во ставот (4) по зборот: "видовите" се додаваат зборовите: "и количините", а зборот: "произведуваат" се заменува со зборот: "користат".

Член 6

Во членот 27 во ставот (1) во точката 5) зборовите: "заклучно со" се заменуваат со зборовите: "вклучувајќи ги".

Во точката 6) тарифниот подброј "2712 20 00" се заменува со тарифниот подброј " 271220".

Член 7

Во членот 28 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) При утврдување на малопродажната цена на одделни нафтени деривати, а со цел нивно заокружување, специфичната акциза на минералните масла од став (1) точките 1), 2) и 5) на овој член, може да отстапува +3%.

Член 8

Во членот 37 по ставот (5) се додаваат три нови става (6), (7) и (8), кои гласат:

"(6) Патниците кои внесуваат од странство меѓупроизводи и етил-алкохол, кој не се опфатени во член 25 став (1) точка 5) на овој закон и државјаните на Република Македонија и странските државјани кои примаат од странство меѓупроизводи и етил-алкохол согласно со царинските прописи ја плаќаат акцизата на друг начин освен преку контролни марки. Акцизата мора неодложно да се пријави кај надлежниот царински орган и веднаш да се плати.

(7) Во случаи кога меѓупроизводите и етил-алкохолот се пуштаат во акцизно правен слободен промет на меѓународен саем, изложба или друга приредба или како мостри, плаќањето на акцизата може да се врши на друг начин освен преку употреба на контролни марки. Акцизата мора неодложно да се пријави кај надлежниот орган.

(8) Обврската за употреба на контролни марки не важи за меѓупроизводите и етил-алкохолот кои се ослободени од акциза и во случаите од ставовите (6) и (7) на овој член, освен во случаи од член 24 став (3) на овој закон."

Ставот (6) станува став (9).

Член 9

Во членот 41 во ставот (4) текстот во заградата се менува и гласи: "(фино сецкан тутун за виткање цигари и друг тутун за пушење)".

Ставот (5) се менува и гласи:

"(5) Тутунот за пушење од став (4) на овој член се смета за фино сецкан тутун за виткање цигари ако 25% по маса од парчињата тутун имаат ширина помала од 1мм. Тутунот за пушење, се смета за фино сецкан тутун и ако 25% по маса од парчињата тутун имаат ширина поголема од 1мм и кој е продаден или наменет да се продаде за виткање цигари."

Ставот (6) се менува и гласи:

"(6) Тутун за пушење како друг тутун за пушење, се смета тутунот за пушење од став (4) на овој член, освен ситно сецканиот тутун за виткање цигари од став (5) на овој член.".

Член 10

Во членот 42 во ставовите (1) и (2) во точката 3) по зборот: "став" бројот "4" се заменува со бројот "5".

Во ставот (1) точката 4) се менува и гласи:

"4) на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став (6) на овој закон, 0 ден. По килограм и 33% од малопродажната цена."

Во ставот (2) точката 4) се менува и гласи:

"4) на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став (6) на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена."

Член 11

Во членот 44 по ставот (6) се додаваат три нови става (7), (8) и (9), кои гласат:

"(7) Патниците кои внесуваат од странство тутунски добра кои не се опфатени во член 25 став (1) точка 5) на овој закон и државјаните на Република Македонија и странските државјани кои примаат од странство тутунски добра согласно со царинските прописи, ја плаќаат акцизата на друг начин освен преку контролни марки. Акцизата мора неодложно да се пријави кај надлежниот царински орган и веднаш да се плати.

(8) Во случаите кога тутунските добра се пуштаат во акцизно правен слободен промет на меѓународен саем, изложба или друга приредба или како мостри, плаќањето на акцизата може да се врши на друг начин освен преку употреба на контролни марки. Акцизата мора неодложно да се пријави кај надлежниот орган.

(9) обврската за употреба на контролни марки не важи за тутунските добра кои се ослободени од акциза и во случаите од ставовите (7) и (8) на овој член, освен во случаите од член 24 став (3) на овој закон."

Ставот (7) станува став (10).

Член 12

Во членот 46 по втората алинеја се додава нова алинеја 3, која гласи:

"-лица кои испраќаат неоданочени тутунски добра".

Член 13

Во членот 51 во насловот по зборот: "оттуѓување" се додава зборот: "под".

Во првата реченица по зборот: "промет" зборовите: "кои се", се заменуваат со зборовите: "под и".

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година, освен одредбите од член 1 и член 5 став (1) на овој закон кои ќе се применуваат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**993.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Се прогласува Законот за Централен регистар, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2405/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува: основањето, организацијата и делокругот на работа на Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар); односите меѓу овој регистар и другите основни регистри (во натамошниот текст: основни регистри) и нивните корисници; односите со други правни субјекти; како и прашањата сврзани со внесувањето, обработката, чувањето и дистрибуирањето на релевантни податоци од Централниот регистар до корисниците на тие податоци.

### II. ОСНОВАЊЕ

Член 2

Централен регистар се основа, како централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, кои согласно со овој или друг закон или со договор се внесуваат во него.

Централниот регистар има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон.

Седиштето на Централниот регистар е во Скопје.

Член 3

Во Централниот регистар се основаат основни регистри врз основа на други закони, во кои се конституираат права, како и регистри во кои не се конституираат права.

Во Централниот регистар се водат и основни регистри кои се предвидени со други закони надвор од Централниот регистар.

### III. ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 4

Регистрите од член 3 став 1 во кој се конституираат права, се организираат како посебни одделенија, со кои раководат раководители на одделенијата како лица со посебни овластувања.

Раководителите на одделенијата ги именува директорот на Централниот регистар и за својата работа одговараат пред него.

Член 5

Органи на Централниот регистар се Управен одбор и директор.

Управниот одбор брои пет члена.

Членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Македонија со мандат од шест години.

Два члена на Управниот одбор се именуваат по предлог на Министерството за финансии, еден член по предлог на Министерството за правда, еден член по предлог на Министерството за економија и еден по предлог на Државниот завод за геодетски работи.

Управниот одбор работи и одлучува на седници, согласно со својот деловник.

Член 6

Директорот на Централниот регистар го именува Управниот одбор на Централниот регистар за време од четири години.

Директорот на Централниот регистар е работоводен орган кој го застапува и претставува Централниот регистар и за својата работа одговара пред Управниот одбор.

Член 7

Статутот на Централниот регистар го донесува Управниот одбор, а согласност дава Владата на Република Македонија.

Со Статутот поблиску се уредува внатрешната организација на Централниот регистар, како и овластувањата, должностите и одговорностите на неговите органи.

### IV. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

**Внесување на податоци**

Член 8

Базата на податоци кои се утврдени со овој закон се внесуваат во Централниот регистар каде што електронски се обработуваат, обединуваат, селектираат, чуваат и прават достапни до заинтересираните корисници.

Обработката, обединувањето и класифицирањето на внесените податоци, Централниот регистар ги врши според свои постапки и обрасци.

При внесувањето и постапувањето со податоците, Централниот регистар се придржува на начелото на стручност, независност, објективност, економичност и ефикасност.

Член 9

Во Централниот регистар се внесуваат податоците од основните регистри со и без својство на правно лице, како и податоци од други правни и физички лица.

Податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопственост и стварните права врз туѓи ствари (залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и пренос на права заради обезбедување), стекнат статус на трговско друштво или статус на друг вид на правно лице и завршни сметки задолжително се внесуваат во Централниот регистар.

Внесувањето на другите видови податоци, како што се: кредитни информации, брачни договори, разни видови осигурувања и слично, се врши врз основа на договор, освен ако за одреден вид податоци не е нешто друго предвидено со закон.

Член 10

Внесувањето на податоците во Централниот регистар, основните регистри и другите субјекти и Централниот регистар, ги вршат врз основа на единствени постапки и обрасци во електронски или друг облик (форма), заради постигнување рационалност во работењето и нивна полесна и побрза достапност до заинтересираните корисници.

Член 11

Податоците во Централниот регистар се внесуваат според содржина утврдена во посебен образец, во кој се изразени специфичностите на одделните основни регистри или на други правни субјекти.

Содржината на образецот заеднички ја утврдуваат Централниот регистар и соодветниот основен регистар.

**Чување на податоците**

Член 12

Обработените, обединетите и класифицираните податоци од Централниот регистар се складираат и чуваат во седиштето на Регистарот.

Податоците кои се однесуваат на конституираните права на сопственост и стварните права врз туѓи ствари (залог, хипотека, службеност, реални товари, долгорочен закуп и пренос на сопственост на предмети и пренос на права заради обезбедување), стекнат статус на трговско друштво или статус на друг вид на правното лице, годишни сметки и за финансиската и економска способност на правните лица задолжително се внесуваат во Централниот регистар.

Член 13

Податоците внесени во Централниот регистар можат да ги менуваат, дополнуваат, ажурираат и бришат само основните регистри и другите правни и физички лица кои ги внеле истите во него.

**Користење на податоците**

Член 14

Податоците од Централниот регистар можат да ги користат сите физички и правни лица, домашни и странски, освен ако за некои од нив поинаку не е определено со закон или со договор.

Член 15

Надоместокот околу користење на податоците од Централниот регистар, се утврдува со тарифа која ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на Управниот одбор на Централниот регистар.

Член 16

Заинтересираните корисници можат да извршат увид во податоците внесени во регистрите, а за податоците од одделенијата со статус на регистри можат да побараат и заверен препис кој задолжително им се издава.

Податоците од став 1 на овој член од Централниот регистар можат да се добијат по електронски начин (телефон, факс, усно, лично и слично).

Начините за добивање на податоците од Централниот регистар поблиску се уредуваат со посебен правилник кој го донесува директорот на Централниот регистар.

Член 17

Централниот регистар податоците внесени во него може да ги направи достапни за корисниците во вид на информација како необработени, обработени или во друга форма предвидена со овој закон.

Член 18

За прием и дистрибуција на податоците, Централниот регистар може да развие своја инфраструктура или во договор со другите субјекти заедничка инфраструктура на територијата на Република Македонија.

## IV. ОДНОСИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР СО ДРУГИТЕ РЕГИСТРИ И НИВНИТЕ КОРИСНИЦИ

Член 19

Централниот регистар во остварувањето на својата дејност, соработува со другите државни органи, правни и физичики лица и разменува информации со други регистри од странство, освен ако за одреден вид размена на информации со закон поинаку не е определено.

Член 20

Централниот регистар и основните регистри и другите правни и физички лица се должни меѓусебно да соработуваат и да си доставуваат податоци со кои располагаат, како и да даваат објаснувања и помош во врска со вршењето на работите од својата надлежност.

Органите кои ги водат основните регистри и другите правни субјекти, се должни да овозможат непречено користење на податоците од страна на Централниот регистар заради остварување на неговите функции определени со овој закон.

Член 21

Централниот регистар обезбедува техничка можност за меѓусебна поврзаност на основните регистри и другите правни субјекти кои врз основа на овој или друг закон или договор, внесуваат правни и друг вид релевантни податоци.

Член 22

Усни и писмени информации за конституираните права и други својства запишани во основните регистри, односно во Централниот регистар, можат да даваат и основните регистри и Централниот регистар.

Писмената информација издадена од Централниот регистар има само информативно дејство.

Член 23

За точноста на внесените податоци во Централниот регистар, одговара оној кој ги внесува податоците според општите правила на граѓанското право.

Член 24

Во случај на несовпаѓање на податоците содржани во Централниот регистар со податоците внесени од основните регистри, правно валидни се податоците од основните регистри.

Член 25

Односите меѓу Централниот регистар и други субјекти кои врз договорна основа внесуваат одредени податоци (како, на пример осигурување на имот и лица, брачни договори и други правни дела и слично), во Централниот регистар се уредуваат со договор.

За прашањата кои не се уредени со договорот, соодветно се применуваат одредбите од овој закон.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ И НАДЗОР

Член 26

Финансирањето на работењето на Централниот регистар се врши од сопствени приходи.

Во случај на недостиг на сопствени приходи се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Македонија.

Приходите остварени од работењето на Централниот регистар се користат за покривање на трошоците за тековното работење, развој и платите на вработените, како и за покривање на трошоците на основните регистри направени во врска со внесување на податоците во Централниот регистар.

Вишокот на приходи се уплатува во Буџетот на Република Македонија.

Висината на приходите и расходите се утврдуваат со финансиски план на кој согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 27

Надзор над примената на овој закон врши Министерството за финансии.

Член 28

За вршење на работите утврдени со овој закон, Централниот регистар одговара пред Владата на Република Македонија.

VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Со парична казна од 100.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице ако:

- во Централниот регистар не ги внесе податоците за констутуираните права на сопственост, стварните права врз туѓи ствари и стекнатиот статус на трговско друштво или друг вид статус на правното лице (член 9);
- внесувањето на податоците не го врши врз основа на единствени постапки, инструменти и од обрасци во електронски или друг облик (член 10);
- податоците внесени во Централниот регистар не се сочуваат и во форма на копија (член 12 став 2);
- одбие или на било кој начин не овозможи слободен пристап до податоците внесени во регистрите или одбие да издаде заверен препис на сите заинтересирани лица (член 16 став 2) и
- на Централниот регистар не му се овозможи непречено користење на внесените податоци кај другите правни субјекти (член 20).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на правното лице со парична казна од 40.000 до 50.000 денари.

Член 30

Со парична казна од 100.000 до 200.000 денари, ќе се казни за прекршок правното лице, ако:

- внесувањето на податоците не се врши на соодветен образец (член 11);
- обработката, обединувањето и класифицирањето на внесените податоци не ги врши според утврдените постапки, инструменти и обрасци (член 12);
- одбие да даде информација за одредени податоци и ако не се обработени (член 17);
- не соработува и не разменува информации со другите државни органи, правни и физички лица (член 20) и
- неосновано одбие да ги достави бараните податоци со кои располага или да дадат објаснувања и помош во врска со работата (член 20).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице на правното лице со парична казна од 30.000 до 40.000 денари.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Владата на Република Македонија ги именува членовите на Управниот одбор на Централниот регистар во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Управниот одбор на Централниот регистар го именува директорот во рок од 15 дена од именувањето на членовите на Управниот одбор.

Член 32

Основните регистри се должни, по службена должност, податоците за конституираните имотни права, стекнатиот правен субјективитет на правните лица и другите стекнати својства што се евидентирани до влегувањето во сила на овој закон, да ги внесат во Централниот регистар во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето со работа на Централниот регистар, освен за податоците за правото на сопственост за кои рокот е 12 месеци сметано од денот на започнувањето со работа на Централниот регистар.

Член 33

Централниот регистар започнува со работа наредниот ден од денот на добивањето согласност на статутот од Владата на Република Македонија.

Член 34

Со пренесување на делокругот на работа од Заводот за платен промет на Централниот регистар, се пренесува имотот, опремата и вработените што се во функција на вршење на работата врз основа на одлука на Владата на Република Македонија.

Член 35

Со влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за водење на регистри во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98).

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на добивањето на согласност на Статутот.

---

**994.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за платниот промет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2415/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

Член 1

Во Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2001 година), по членот 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

"Член 7-а

Учесникот во платниот промет може за плаќање во готово да подига од сметките и да држи во својата благајна пари во готово во висина на благајничкиот максимум.

Висината на благајничкиот максимум ја утврдува учесникот во платниот промет со општ акт.

Плаќањето на производи и услуги во готово не може поединечно да биде повеќе од 200 ДЕМ. во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

Министерот за финансии ги пропишува условите и начинот за наплатата, располагањето и плаќањето со парите во готово.

Министерот за одбрана ги пропишува условите и начинот за плаќање со парите во готово за единиците, установите и организациите на Армијата."

Член 2

Во членот 14 се додава нова точка 4, која гласи:

"4. Имател на платежна картичка".

Член 3

Во членот 20 точката на крајот од ставот се брише и се додаваат зборовите: "кое се запишува во трговскиот регистар".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Клириншката куќа ја основаат носителите на платниот промет."

Член 4

По членот 21 се додаваат три нови члена 21-а, 21-б и 21-в, кои гласат:

"Член 21-а

За вршење на работите за плаќање со националната платежна картичка се основа Акционерско друштво за национална платежна картичка (во натамошниот текст: Друштво).

Друштвото се основа со одлука од страна на Владата на Република Македонија најдоцна до 31 декември 2001 година со можност да се продаде на банките кои добиле дозвола за вршење на платен промет согласно со закон.

Друштвото има својство на правно лице, трговско друштво, кое се запишува во трговскиот регистар.

Член 21-б

Друштвото ги врши следниве работи:

- свичинг-давање можност секоја банка со вклучување да ги добие на располагање сите уреди за електронско плаќање на секое продажно место (ПОС) и банкомати (АТМ) за користење и картично работење на своите комитенти;

- процесирање на трансакциите со проверка на податоците за имателите на картичката, авторизација на трансакцијата, евидентирање податоци за трансакцијата, вклучувајќи ја и промената на салдото на имателот на картичката, како и евидентирање на настанати трошоци и пресметување на надоместоци и други работи поврзани со сметките на имателите на картичката и давателите на услугата;

- ја води и ја чува целокупната документација на имателите на картичките и преку својата служба ги разрешува рекламациите кои ќе настанат од тековното работење;

- печатење и изработка на платежни картички;

- техничко одржување на целокупната мрежа на ПОС уредите и АТМ уредите;

- пресметка и автоматско вклучување во клиринг на трансакциите од дневното работење со платежните картички;

- извештаи од извршените трансакции за потребите на банките и

- давање на други соодветни услуги.

Член 21-в

Органи на Друштвото се директорот и Управниот одбор.

Управниот одбор на Друштвото се состои од пет члена, именувани од Владата на Република Македонија, и тоа: тројца на предлог на министерот за финансии, еден на предлог на гувернерот на Народната банка на Република Македонија и еден на предлог на Здружението на банкарство и осигурување при Стопанската комора на Македонија.

Директорот на Друштвото го именува Управниот одбор за период од четири години.

Друштвото донесува статут, со кој поблиску се уредува работењето и организацијата. Статутот се донесува во рок од 30 дена од именувањето на директорот.

Надзор над работата на Друштвото врши Владата на Република Македонија."

Член 5

Во членот 24 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"За прекршоците од став 1 точки 1, 5 и 6 на овој член на правното лице може да му се изрече и мерка за безбедност забрана на вршење на определена дејност во траење не пократко од шест месеци и не подолго од пет години.

На лицата од став 2 на овој член за сторениот прекршок од став 1 точки 1, 5 и 6 на овој член може да им се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење не пократко од три месеци и не подолго од една година".

Член 6

Во членот 26 став 1 по зборот "казни" се додаваат зборовите: "за прекршок". На крајот од став 1 точката се брише и се додаваат зборовите: "и ако постапува спротивно на член 7 од овој закон".

Член 7

По членот 26 се додава нов член 26-а, кој гласи:

"Член 26-а

Со парична казна од 250.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице - учесник во платниот промет ако во благајната држи пари над висината на благајничкиот максимум, врши плаќање во готово и постапува спротивно на условите и начинот на плаќање со парите во готово (член 7-а).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни физичкото лице - учесник во платниот промет со парична казна од 40.000 до 50.000 денари.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни одговорното лице во правното лице - учесник во платниот промет со парична казна од 40.000 до 50.000 денари."

Член 8

По членот 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

"Член 28-а

Акцептните налози издадени заклучно со 30 јуни 2001 година ќе се извршуваат најдоцна до 30 јуни 2003 година.

Издадените акцептни налози заклучно со 30 јуни 2001 година, учесниците во платниот промет се должни да ги пријават во Заводот за платниот промет најдоцна до 30 август 2001 година.

Начинот и постапката на извршување на акцептните налози ги пропишува министерот за финансии."

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**995.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЗАВОДОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2407/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЗАВОДОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Член 1

Во Законот за трансформација на Заводот за платен промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2001) во членот 7 зборовите: "Народната банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Министерство за финансии".

Член 2

Во членот 8 по зборовите: "Народната банка на Република Македонија" запирката се брише и се додаваат зборовите: "и Министерството за финансии,".

Член 3

По членот 17 се додаваат два нови члена 17-а и 17-б, кои гласат:

"Член 17-а

Жиро сметките (блокирани сметки) на учесниците во платниот промет кои се водат во Заводот за платен промет, а кои нема да се пренесат кај носителите на платниот промет најдоцна до 31 декември 2001 година, се пренесуваат во посебна Агенција.

Агенцијата се основа од страна на Владата на Република Македонија најдоцна до 31 декември 2001 година.

Агенцијата има својство на правно лице.

Делокругот на работата и надлежностите на Агенцијата ќе ги утврди Владата на Република Македонија.

Имотот, опремата и вработените од Заводот за платен промет кои се во функција на вршење на работите на Агенцијата, се пренесуваат на Агенцијата врз основа на одлука на Владата на Република Македонија.

Член 17-б

Имотот, опремата и вработените од Заводот за платен промет кои се во функција на вршење на работите на Акционерското друштво за национална платежна картичка, се пренесуваат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија."

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**996.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК ОД ДОХОД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2398/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД

Член 1

Во Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/98 и 8/2001), во членот 6 по точката 21) се додава нова точка 21-а), која гласи:

"21-а) приходи од продажба на корисен цврст отпад, остварен од страна на физичко лице".

Член 2

Членот 12 се менува и гласи:

"Данокот на доход се плаќа по прогресивни стапки и тоа:

| на годишна даночна основа | по стапка |
|---|---|
| од 360.000 денари | 15% |
| над 360.000 денари | 54.000 денари +18% на делот од доходот над 360.000 денари" |

Член 3

Во членот 15-а ставот 2 се менува и гласи:

"Данокот на доход од став 1 на овој член се плаќа по следниве стапки:

| на месечна даночна основа | по стапка |
|---|---|
| од 30.000 денари | 15% |
| над 30.000 денари | 4.500 денари +18% на делот од доходот над 30.000 денари" |

Во ставот 3 по зборот "пензија" зборовите: "даночната основа му се намалува за" се заменуваат со зборовите: "му се признава".

Член 4

Во членот 20 став 2 и во членот 21 став 1 зборот "добивката" се заменува со зборовите: "нето-приходот".

Член 5

Во членот 35 став 2 зборот "Републичкиот" се заменува со зборот "Државниот".

Член 6

Во четвртиот дел по членот 55-а, по насловот "Управување, пресметување и наплата на персоналниот данок на доход" се додава нов поднаслов, кој гласи:

"1. Утврдување на данокот"

Член 7

Во членот 69 ставот 2 се брише.

Член 8

Во членот 73 став 2 точка 2 на крајот на реченицата по зборот "имотот" се додаваат зборовите: "до 15 март,".

Член 9

Во членот 77 ставот 3 се менува и гласи:

"Исплатувачот на личните примања (платите) е должен на органот за јавни приходи најдоцна до 8 во месецот за претходниот месец, да му достави пресметка за износот на бруто пресметани плати кои исплатувачот ќе ги исплати и за вкупниот број на вработени лица на кои им исплатува плата за месецот."

Член 10

Во членот 80 по зборовите: "член 34" се додаваат зборовите: "и член 34-а".

Член 11

Во членот 134-а зборовите: "стопанска и професионална" се заменуваат со зборот "самостојна".

Член 12

Членот 77 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок од доход ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2001), се брише.

Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за персоналниот данок на доход.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**997.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2399/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95 и 33/97), во членот 1 зборовите: "правните лица" се заменуваат со зборот "работодавците".

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

"Работодавецот нето платите ги исплатува во согласност со колективен договор и овој закон, доколку со друг закон поинаку не е утврдено."

Член 3

Членот 3 се менува и гласи:

"Работодавецот од член 2 на овој закон, нето платите за месец јули 2001 година и натаму ги исплатува до висината на правото што го утврдил за последниот месец за кој извршил исплата согласно со овој закон во рамките на обезбедените средства и зголемено најмногу до 50% од остварената стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец.

По исклучок од став 1 на овој член правото за исплата на нето платите за 2001 година за корисниците на Буџетот на Република Македонија, буџетите на локалната самоуправа, буџетите на: Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за патишта, Фондот за води, Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата и Заводот за вработување на Република Македонија, не може да биде повисоко од правото утврдено за месец декември 2000 година."

Член 4

Членот 4 се брише.

Член 5

Членот 5 се менува и гласи:

"Просечната месечна нето плата по работник која ја исплатува работодавецот не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата по работник на одделот на кој му припаѓа работодавецот регистриран согласно со Националната класификација на дејностите, објавена во тековниот месец.

Министерството за труд и социјална политика до 25 во тековниот месец ја утврдува просечната месечна нето плата по работник од став 1 на овој член и истата ја објавува во "Службен весник на Република Македонија"."

Член 6

Во членот 6 зборовите: "Новоформираното правно лице кое" се заменуваат со зборовите: "Работодавецот кој", а зборовите: "општиот акт" се заменуваат со зборовите: "колективен договор".

Член 7

Членот 7 се брише.

Член 8

Во членот 9 став 1 зборовите: "Правното лице" се заменуваат со зборот "Работодавецот", а во ставот 2 зборовите: "стопанството на" се бришат.

Член 9

Во членот 10 зборот "Стапките" се заменува со зборот "Стапката", а зборовите: "членовите 3 и 4 ги" се заменуваат со зборовите: "членот 3 став 1 ја".

Член 10

Во членот 11, ставови 1 и 3 зборовите: "Заводот за платен промет" се заменуваат со зборовите: "Министерството за финансии - Управа за јавни приходи".

Член 11

По членот 11-а се додава нов член 11-б, кој гласи:

"Член 11-б

Неисплатените плати за месец јуни 2001 година и пред тоа ќе се исплатуваат согласно со одредбите од членовите 3 и 4 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95 и 33/97) кои важеле до денот влегувањето во сила на овој закон."

Член 12

Членот 12 се менува и гласи:

"Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок работодавецот кој платите ќе ги исплати спротивно на одредбите на овој закон.

За дејството од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок и одговорното лице кај работодавецот со парична казна од 40.000 до 50.000 денари.

Покрај паричната казна за прекршок од став 2 на овој член, ќе се изрече и мерка на безбедност-забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење од три месеци до една година."

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

---

**998.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2400/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 53/97, 59/97, 21/98, 25/2000, 34/2000 и 3/2001), во членот 71 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Работодавецот е должен да води евиденција за пресметаната и исплатената плата, надоместоците и на исплатените придонеси од плата, а на работникот да му издава потврда за исплатената плата, односно надоместоците и придонесите од плата."

Член 2

По членот 145 се додава нов член 145-а, кој гласи:

"Член 145-а

Лицето кое во својство на одговорно лице кај работодавецот кое при исплатата на плата нема да пресмета и исплати придонеси од плата, ќе се казни за кривично дело со казна затвор од една до пет години."

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

**999.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК НА МЕНИЧНИ БЛАНКЕТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2402/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК НА МЕНИЧНИ БЛАНКЕТИ

Член 1

Во Законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети ("Службен весник на Република Македонија" бр. 65/92 и 48/94), членот 3 се менува и гласи:

"Продажбата и замената, односно повлекувањето на меничните бланкети ги врши Министерството за финансии кое за тоа склучува договор со Народната банка на Република Македонија.

Министерството за финансии меничните бланкети ги продава само на претпријатијата регистрирани за продажба на таксени и даночни вредносници, на кои за вршењето на тие работи им припаѓа провизија во износ од 10% од номиналната вредност на купените менични бланкети."

Член 2

Членот 6 се менува и гласи:

"Меничните бланкети што се оштетени, односно неупотребливи се заменуваат со нови во Министерството за финансии".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2002 година.

---

**1000.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за јавни набавки,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 2401/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

Член 1

Во Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/98), во членот 22 зборовите: "носителот на платниот промет" се заменуваат со зборовите: "Централниот регистар".

Член 2

Во членот 43 зборовите"носителот на платниот промет: се заменуваат со зборовите: "Централниот регистар ".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

1001.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕМИСИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ И СУДСКИ ТАКСЕНИ МАРКИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за емисија на административни и судски таксени марки,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2417/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕМИСИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ И СУДСКИ ТАКСЕНИ МАРКИ**

Член 1

Во Законот за емисија на административни и судски таксени марки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 65/92 и 49/93), во членот 11 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

"Продажбата, замената и повлекувањето на административните и судските таксени марки ги врши Министерството за финансии кое за тоа ќе склучи договор со Народната банка на Република Македонија.

Министерството за финансии административните и судските таксени марки ги продава само на претпријатијата и други правни лица регистрирани за продажба на таксени марки."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2002 година.

1002.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ШТО ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЗАВОДОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ И ЕКСПОРТФИНАНС ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Заводот за платен промет и ЕКСПОРТФИНАНС за реализација на проектот за имплементација на Централен депозитар на хартии од вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2416/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ШТО ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЗАВОДОТ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ И ЕКСПОРТФИНАНС ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските по Договорот за заем по проектот за имплементација на Централен депозитар на хартии од вредност што ќе се склучи меѓу Заводот за платен промет и ЕКСПОРТФИНАНС во износ од 1.343.350 САД долари во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, само во случај кога Централниот депозитар на хартии од вредност не го отплаќа кредитот.

Член 2

Средствата од овој заем ќе се користат за основање на Централен депозитар на хартии од вредност кои според Законот за хартии од вредност ќе се трансформира од дел од Заводот за платен промет.

Член 3

Заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа Заводот за платен промет од своите приходи се додека дел од него не се трансформира во Централен депозитар на хартии од вредност кој ќе продолжи да го отплаќа заемот од своите приходи, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Заемот од член 1 на овој закон ќе се отплаќа во 20 еднакви полугодишни рати, грејс периодот е шест месеци од денот на консолидација, а каматната стапка - 6,28% на годишно ниво.

Член 5

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорот за заем, во име на заемопримачот ги плати Република Македонија, министерот за финансии во рок не подолг од 30 дена од денот на извршувањето на обврската, ќе издаде налог на деловната банка каде што заемопримачот има денарска смет-

ка да пренесе од сметката на корисникот на заемот (заемопримачот) во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

1003.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за финансиското работење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2496/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Законот за финансиското работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93 и 32/97), престанува да важи на 30 јуни 2001 година.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

1004.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2413/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Член 1

Во членот 95 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97, 25/2000 и 101/2000), ставот 3 се брише.

Член 2

Членот 96 се менува и гласи:

"Наплатата на придонесот за вработување од работодавецот ја врши Министерството за финансии - Управа за јавни приходи.

Уплатата на придонесот за вработување, за сметка на Заводот за вработување на Република Македонија, ја врши Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, со пренесување на средства на жиро сметката на Заводот."

Член 3

Во членот 99 став 1 броевите: "50.000" и "150.000" се заменуваат со броевите: "200.000" и "300.000", а во ставот 2 броевите: "10.000" и "30.000" се заменуваат со броевите: "40.000" и "50.000".

Член 4

Во членот 100 став 1 броевите: "10.000" и "30.000" се заменуваат со броевите: "40.000" и "50.000".

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

1005.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2414/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 89/93, 3/97, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000 и 5/2001), членот 160 став 1 по точката 3), се додава нова точка 3-а), која гласи:

"3-а) се преземаат мерки за ефикасно и редовно уплатување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од страна на обврзниците за плаќање на придонесот".

По точката 9) се додава нова точка 9-а), која гласи:

"9-а) се врши увид и контрола во пресметувањето и уплатувањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување кај обврзниците за плаќање на придонесот".

Член 2

Во членот 163 по точката 4) се додава нова точка 4-а), која гласи:

"4-а) се грижи за редовно уплатување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување".

Член 3

Во членот 165 точката 5) се менува и гласи:

"презема мерки за редовна уплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување;".

По точката 5) се додава нова точка 5-а), која гласи:

"5-а) поднесува барања до Министерството за финансии - Управа за јавни приходи за присилна наплата на ненаплатениот придонес;".

Член 4

Во членот 171 зборовите: "во согласност со утврдените потреби во пензиското и инвалидското осигурување" се заменуваат со зборовите: "за остварување и спроведување на пензиското и инвалидското осигурување".

Член 5

Во членот 183 став 1 зборовите: "институција за" се заменуваат со зборовите: "носители на".

Во членот 183 по ставот 1 се додава нов став, кој гласи:

"Обврзникот е должен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од плата да го пресмета и уплати месечно, поединечно за секој осигуреник заедно со исплатената плата и надоместоци од плата за соодветниот месец."

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите: "органот за јавни приходи" се заменуваат со зборовите: "Министерство за финансии - Управа за јавни приходи".

Во ставот 3 кој станува став 4 бројот "2" се заменува со бројот "3".

Ставот 4 станува став 5.

Член 6

Членот 184 се менува и гласи:

"За осигурениците кои навремено не се пријавиле во пензиското и инвалидското осигурување или нецелосно и навремено не го плаќале придонесот како основица на осигурување за пресметување и плаќање на придонесот служи платата или основицата на осигурување на денот на поднесувањето на барањето, односно на денот на намирувањето на придонесот, но не помалку од фактички исплатената плата за периодот за кој навремено или нецелосно не е платен придонесот и не може да изнесува помалку од основицата утврдена во член 180 став 6 на овој закон.

Осигурениците кои немаат плата, односно основица на осигурување, за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување служи основицата утврдена во член 20 на овој закон.

Ако обврзникот не го уплати придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за работниците за најмалку три последователни месеци, директорот на Фондот поднесува барање за присилна наплата на придонесот до Министерството за финансии - Управа за јавни приходи на начин и постапка утврдени со Законот за утврдување на наплата на јавни приходи."

Член 7

Во членот 185 ставот 1 се менува и гласи:

"Фондот има право да врши увид и контрола во евиденцијата за пресметувањето и уплатувањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување кај обврзниците за плаќање на придонесот."

Во ставот 2 по зборот "увидот" се додаваат зборовите: "и контролата", а зборовите: "органот за јавни приходи" се заменуваат со зборовите: "Министерство за финансии - Управа за јавни приходи".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Начинот и постапката за вршење увид и контрола во евиденцијата на пресметувањето и уплатувањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување кај обврзниците за плаќање на придонес се уредува со општ акт на Фондот."

Член 8

Во членот 191 став 1 точките 3) и 5) се бришат.

Точката 4) станува точка 3).

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Со парична казна во износ од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок работодавецот ако:

1) изврши исплата на плата, а не уплатил придонес за пензиско и инвалидско осигурување (членови 182 и 183) и

2) го оневозможи Фондот да врши увид и контрола на пресметување и уплата на придонесот (член 185)."

Ставот 2 станува став 3.

По ставот 3 кој станува став 4 се додаваат два нови става 5 и 6, кои гласат:

"За прекршок од став 2 на овој член ќе се казни и одговорното лице кај работодавецот со парична казна во износ од 40.000 до 50.000 денари.

За прекршок од став 2 на овој член ќе се казни и физичко лице што врши дејност со парична казна во износ од 40.000 до 50.000 денари."

Член 9

Во членот 192 бројот "25.000" се заменува со зборовите: "40.000 до 50.000."

Член 10

Во членот 30 во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2000) по зборот "пензија" зборовите: "го стекнуваат под условите утврдени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96 и 32/97)" се заменуваат со зборовите: "можат да остварат и со исполнување на 40 години (маж), односно 35 години (жена) пензиски стаж, без оглед на возраста".

Член 11

Во членот 35 во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2000) зборовите: "1 септември 2001 година" се заменуваат со зборовите: "денот на влегување во сила на Законот со кој ќе се уреди капитално финансирано пензиско осигурување".

Член 12

Во целиот текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/97, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000 и 5/2001) зборовите: "стопанството во" и "нестопанството во" се бришат.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

1006.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2001 година.

Бр. 07-2418/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за здравствено осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2000 и 96/2000), во членот 84 став 1 зборовите: 50.000 до 150.000" се заменуваат со зборовите: "200.000 до 300.000".

Во став 2 зборовите: "5.000 до 30.000" се заменуваат со зборовите: "40.000 до 50.000".

Во став 3 зборовите: "2.000 до 10.000" се заменуваат со зборовите: "40.000 до 50.000".

Член 2

Во членот 85 став 1 зборовите: "20.000 до 100.000" се заменуваат со зборовите: "200.000 до 300.000".

Во став 2 зборовите: "5.000 до 10.000" се заменуваат со зборовите: "40.000 до 50.000".

Член 3

Во членот 86 став 1 зборовите: "10.000 до 100.000" се заменуваат со зборовите: "200.000 до 300.000".

Во став 2 зборовите: "5.000 до 10.000" се заменуваат со зборовите: "40.000 до 50.000".

Член 4

По членот 86 се додава нов член 86-а, кој гласи:

"Член 86-а

Работодавецот и лицето кое во својство на одговорно лице кај работодавецот, а заради стекнување на поголема имотна корист или вредност, при исплата на плата, надоместок на плата, пензија и друго парично примање не уплати или уплати придонес за задолжително здравствено осигурување во помал износ, ќе се казни за кривично дело со казна затвор од една до пет години."

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

---

1007.

Врз основа на член 46 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2000, 34/2000 и 96/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 2001 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ, ОСНОВИЦИТЕ И ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Одлуката за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2001), во членот 2 став 1 бројот "8,6%" се заменува со бројот "9,2%".

Член 2

Во членот 3 став 1 бројот "14,694%" се заменува со бројот "9,2%".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година, освен одредбата на член 2 на оваа одлука, која ќе се применува од 1 јануари 2001 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2411/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески,** с.р.

---

1008.

Врз основа на член 95 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" број 37/97, 25/2000 и 101/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 2001 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

Член 1

Стапката на придонесот за вработување изнесува 1,6% од утврдената основица.

Член 2

Обврзници за плаќање на придонесот за вработување се:

1. Работодавецот - (претпријатие и други правни лица кои вршат стопанска дејност, установи и други правни лица кои вршат дејност на јавни служби, државни органи и единици на локалната самоуправа и други домашни и странски физички и правни лица кои вработуваат работници) и

2. Армијата на Република Македонија за лицата на служба во постојаниот состав на Армијата ( војници по договор, помлади офицери, офицери) и граѓански лица на служба во Армијата.

Член 3

Основица за пресметување и плаќање на придонесот за вработување претставува бруто платата во која се содржани придонесите и персоналниот данок што се плаќаат од платата, односно основицата од која е пресметан надоместокот на плата.

Основицата не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата поединечно по работник во Републиката објавена во тековниот месец.

Член 4

Плаќањето на придонесот за вработување се врши: за обврзниците од член 2 точка 1 и 2 на оваа одлука при исплатата на платата и надоместокот на плата.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за стапката на придонесот за вработување ("Службен весник на Република Македонија" број 78/93).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-2410/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески**, с.р.

**1009.**

Врз основа на член 174 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000 и 5/2001), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ПЛАТИ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД 1 ЈУЛИ 2001 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јули 2001 година се утврдува на 21,2%

Член 2

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување претставува бруто платата на вработените, во која е содржан персоналниот данок на доход и стапките на придонесите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување и на Заводот за вработување.

Член 3

За осигурениците за кои придонесот се пресметува и плаќа на нето плата, односно нето основица, се применува нето стапка.

Член 4

За осигурениците кои навремено не се пријавиле во пензиското и инвалидското осигурување или нецелосно и навремено не го плаќале придонесот, како основица на осигурување за пресметување и плаќање на придонесот служи платата или основицата на осигурување на денот на поднесувањето на барањето, односно на денот на намирувањето на придонесот, но не помалку од фактички исплатената плата за периодот за кој навремено или нецелосно не е платен придонесот и не може да изнесува помалку од основицата утврдена во член 180 став 6 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-2409/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески**, с.р.

**1010.**

Врз основа на член 174 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000 и 5/2001), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 ЈУЛИ 2001 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јули 2001 година, се утврдува по стапка од:

а) 10,60% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;

б) 8,83% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци;

в) 7,07% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

г) 5,30% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

д) 3,53% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци и

ѓ) 1,77% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

Член 2

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење се пресметува од бруто платата на вработените на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во која е содржан персоналниот данок на доход и стапките на придонесите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување и на Заводот за вработување, а се плаќа од доходот - добивката, односно од редовните средства за работа на обврзникот за уплата на придонес.

Член 3

Уплатата на придонесот по стапките од член 1 на оваа одлука од обврзниците се врши при исплата на платите.

Член 4

За обврзниците за плаќање на придонесот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за кои се утврдени правата и кои не го платиле дополнителниот придонес, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за овој стаж ќе служи платата или основицата на осигурување и стапките на придонесот на денот на поднесувањето на барањето, односно на денот на намирувањето на придонесот, но не помалку од фактички исплатената плата за периодот за кои навремено или нецелосно не е платен придонесот и не може да изнесува помалку од основицата утврдена со член 180 став 6 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

За работните места за кои ќе биде донесена одлука за утврдување на работни места на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, за начинот на плаќањето ќе се применува став 1 на овој член.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2001 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-2412/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Звонко Мирчески**, с.р.

1011.

Врз основа на член 14 од Законот за данок на финансиски трансакции ("Службен весник на РМ" бр. 49/2001), министерот за финансии донесува

## УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ФИНАНСИСКИ ТРАНСАКЦИИ

Член 1

Со ова упатство се утврдува начинот и постапката за спроведување на Законот за данок на финансиски трансакции.

Член 2

Предмет на оданочување согласно член 2 точка 1 од Законот за данок на финансиски трансакции (во натамошниот текст: Законот) се сите готовински и безготовински исплати и уплати и трансфери преку сметките на учесниците во платниот промет ( девизни и денарски) и на депозити кај носителите на платниот промет, банки и други финансиски институции, независно од трансакциите од член 2, точки од 2 до 9 од Законот.

Предмет на оданочување се и приливите на средства од странство кои банките ги обработуваат за сметка на своите клиенти. За овие трансакции банките, доколку даночниот обврзник-клиентот не поднесе доказ за платен данок, го пресметуваат и наплатуваат данокот од сметката на клиентот. Основа за оданочување е износот на денарска противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на трансакцијата, искажан во налогот-известување за девизен прилив. Банката нема да изврши распоред од приливот на девизни средства, доколку клиентот не поднесе доказ за платен данок на утврдената основа.

Предмет на оданочување се и плаќањата во странство кои банките ги вршат за своја сметка и за сметка на своите клиенти. Овие трансакции нема да се извршат доколку нема доказ за платен данок. Основа за оданочување е износот на денарска противвредност на девизите пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на трансакцијата, искажан во налогот за плаќање. Банката нема да изврши плаќање во странство доколку нема доказ за платен данок на утврдената основа.

Предмет на оданочување е и приливот и одливот на девизни и денарски средства на нерезидентни сметки на странски правни лица. Банката ќе го задржи и уплати данокот на товар на нерезидентната сметка на денот на приливот односно одливот на средства.

Обврзници на данокот се плаќачот и примачот на средства, освен граѓанинот учесник во финансиска трансакција.

Член 3

Во смисла на член 2 точка 2 од Законот, предмет на оданочување е и: компензација, цесија, асигнација и пренос на хартија од вредност. Обврзници на данокот се договорните страни кои се должни, до носителот на платен промет да поднесат налози за пресметка на трансакцијата. Доколку налогот за пресметка се поднесува во Заводот за платен промет за сите наведени финансиски трансакции се употребува образецот ЗПП 42 ( налог за пресметка), а кај банките образецот ПП 30 ( налог за пренос).

За пренос на хартија од вредност, налогот за пресметка се поднесува на денот на извршувањето на преносот од страна на двата субјекти.

Член 4

Во смисла на член 2 точка 3 од Законот, предмет на оданочување претставува и каматата што се одобрува на депозити по договорени каматни стапки( припишана камата).

Обврска за данокот настанува при самото припишување на каматата.

Обврзник на данокот е субјектот на кој му е припишана каматата.

Банката го наплатува данокот од средствата на припишаната камата и го уплатува на соодветната уплатна сметка, истиот или најдоцна првиот нареден работен ден.

Член 5

Во смисла на член 2 точка 4 од Законот, предмет на оданочување е и купопродажба на девизи.

Даночната обврска настанува во моментот на вршењето на трансакцијата, а данокот се плаќа истиот или најдоцна наредниот работен ден на соодветна уплатна сметка.

Обврзници на данокот се купувачот и продавачот на девизи.

Даночна основа е денарската противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на трансакцијата.

Член 6

Во смисла на член 2 точка 5 од Законот, предмет на оданочување е и одобрувањето односно отворањето на акредитив за плаќање во странство, независно од плаќањето од акредитивот.

Даночен обврзник е налогодавецот за отворање на акредитивот.

Даночна основа претставува денарската противвредност на акредитивот пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на отворањето на акредитивот.

Банката нема да изврши отворање на акредитив, доколку налогодавецот за отворање на акредитивот, кон образецот за отворање на акредитив, не поднесе доказ за платен данок.

Член 7

Во смисла на член 2 точка 6 од Законот, предмет на оданочување е и одобрувањето на инструменти за обезбедување на плаќањата (гаранција од сите видови, авали, чекови и слично).

Даночна основа претставува вредноста на одобрениот инструмент за обезбедување на плаќањето.

Даночен обврзник е налогодавецот за издавање на инструментот за обезбедување на плаќањето.

Обврската за данокот настанува во моментот на одобрување на инструментот . Пресметката, наплатата и уплатата на данокот ја врши банката-издавач на инструментот за обезбедување на плаќањето. Банката од сметката на клиентот пресметува и наплатува данок, а доколку клиентот нема сметка во банката, должен е да поднесе доказ за платен данок.

Банката нема да издаде инструмент за обезбедување на плаќањето доколку клиентот не поднесе доказ за платен данок на утврдената основа.

Член 8

Во смисла на член 2 точка 7 од Законот, предмет на оданочување е и одобрување на кредит.

Даночен обврзник е кредитопримачот.

Даночна основа претставува висината на одобрениот кредит, а кај рамковниот договор за кредит-висината на поединечниот договор за реализација на рамковниот договор.

Обврската за данокот настанува во моментот на склучување на договорот за кредит. Банката го наплатува данокот од сметката на клиентот но доколку тој нема средства во банката таа нема да склучи договор за кредит се до обезбедување на доказ за платен данок од страна на клиентот.

Член 9

Во смисла на член 2 точка 8 од Законот, предмет на оданочување е и одобрувањето на полиса за осигурување.

Даночен обврзник е корисникот на полисата.

Даночна основица е вредноста на осигурувањето.

Обврската за данокот настанува во моментот на издавање на полисата за осигурување.

Осигурителното друштво нема да ја одобри оваа трансакција доколку нема доказ за платен данок од страна на клиентот.

Член 10

Во смисла на член 2 точка 9 од Законот, предмет на оданочување е и тргувањето со хартии од вредност.

Даночни обврзници се и продавачот и купувачот на хартии од вредност.

Брокерската куќа плаќа данок на провизијата.

Член 11

Во смисла на член 7 од Законот, како готовински исплати на кои се пресметува и плаќа данок по стапка од 1% се сметаат сите исплати или подигања на средства во готово од сметките на даночните обврзници.

Член 12

Субјектите од член 8 точка 1 од Законот нема да вршат пренос на средства од сметката на исплаќачот за финансиските трансакции од член 2 точки 1 и 2 на Законот, доколку исплаќачот не обезбеди средства за плаќање на данокот. Субјектите ќе го наплатат данокот од приливот на средства на сметката на примачот, а кога сметката на примачот е блокирана носителот на платен промет изготвува налог за наплата на данокот и истиот го заведува во евиденциите за редослед на наплата.

Народната банка на Република Македонија и Заводот за платен промет не вршат пресметка и наплата на данок на финансиски трансакции, не вршат пресметка и наплата на данокот од сметките на субјектите од член 8 точка 3 од Законот. Овие субјекти се должни самите да извршат пресметка, наплата и уплата на данокот.

За финансиските трансакции извршени непосредно( не преку носителите на платен промет ) даночните обврзници самостојно го плаќаат данокот истиот ден кога ја извршиле трансакцијата.

Член 13

Субјектите од член 8 од Законот наплатениот данок го уплатуваат на уплатна на сметка 40100-840-033-2848 (данок на финансиски трансакции) истиот или најдоцна наредниот работен ден.

Заводот за платен промет секојдневно врши пренос на средствата прибрани од сметката од став 1 од овој член на сметката на Буџетот на Република Македонија.

Член 14

Субјектот од член 8 од Законот водат евиденции за пресметаниот данок, наплатениот и уплатениот данок по даночен обврзник.

Член 15

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.07.2001 година.

Бр. 08-12472/1
29 јуни 2001 година
Скопје

Министер за финансии,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1012.**

Врз основа на член 16 став 1 и член 65 став 1 точка 14 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXIX седница, одржана на 28. 06. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕСКОНТНАТА СТАПКА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во точката 1 од Одлуката за есконтната стапка на Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 33/2000), процентот "7,9" се заменува со "10,7".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О. бр. 02-15/LXXXIX-1/2001
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**1013.**

Врз основа на член 9 став 2 точка 6, член 15 став 1 точка 2 и член 65 став 1 точка 11 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 29/96 и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXIX седница, одржана на 28. 06. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ НА ОДОБРУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ СО ЗАЛОГ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Во Одлуката за начинот и условите на одобрување краткорочни кредити на банките со залог на определени хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/98 и 61/98) се вршат следните измени:

а) Точката 2 се менува и гласи:

"Хартиите од вредност кои можат да служат како залог за добивање на ломбардните кредити од точка 1 од оваа одлука ги определува гувернерот со "Листа на хартии од вредност кои можат да се користат како колатерал за добивање кредити од Народна банка на Република Македонија".

Рокот на доставување на хартиите од вредност од став 1 на оваа точка не може да биде покус од рокот на кој се одобрува кредитот од точка 1 на оваа одлука".

б) Во точката 3 бројот "10" се заменува со бројот "5".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01. 07. 2001 година.

О. бр. 02-15/LXXXIX-2/2001
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**1014.**

Врз основа на член 29 и член 30 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXXXIX седница, одржана на 28. 06. 2001 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА НА УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИЧНО ПОНДЕРИРАНАТА АКТИВА НА БАНКИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата на утврдување на ризично пондерираната актива на банките.

2. Во смисла на оваа одлука, под ризично пондерирана актива се подразбира збирот на поединечни групи на активни билансни и вонбилансни позиции, пондерирани според степенот на нивната ризичност, на начин утврден во глава II и глава III од оваа одлука.

3. Активните билансни и вонбилансни позиции се состојат од книговодствените вредности на поединечните групи на активни билансни позиции и кредитните еквиваленти на книговодствената вредност на вонбилансните позиции.

4. Кредитните еквиваленти на вонбилансни позиции се пресметуваат како производ на книговодствената вредност на вонбилансните позиции и соодветен фактор на конверзија.

5. Степенот на ризичност на одредени побарувања на банките, во смисла на оваа одлука, е утврден врз основа на видот на активната позиција, карактеристиките на должникот и видот на обезбедувањето.

При определени специфични околности (војна, природни непогоди и други вонредни состојби во земјата), Народна банка може да пропише и повисоки ризични пондери за одредени побарувања на банката.

## II. АКТИВНИ БИЛАНСНИ ПОЗИЦИИ

6. Степенот на ризичност на активните билансни позиции се одредува со примена на следните пондери на ризичност на одделните групи на тие позиции:

0% за:

а) Парични средства, злато и депозити кај Народна банка на Република Македонија;

б) Побарувања од Народна банка на Република Македонија и побарувања обезбедени со хартии од вредност издадени од Народна банка на Република Македонија;

в) Побарувања од Република Македонија и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции плативи на прв писмен повик и хартии од вредност издадени од Република Македонија;

г) Побарувања од Владите и централните банки на земјите членки на Европската Унија, Швајцарија, Канада, Јапонија и САД и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции плативи на прв писмен повик и хартии од вредност издадени од Владите на овие земји или нивните централни банки;

д) Побарувања обезбедени со паричен депозит или парични средства во депо, до износот на паричниот депозит, односно на паричните средства во депо, при што потребно е да бидат истовремено исполнети следниве услови:

- рокот на достасување на паричниот депозит е еднаков или поголем од рокот на достасување назначен во договорот за кредитна изложеност, односно паричните средства во депо можат да се повлечат само под услов кредитната изложеност на банката да биде целосно затворена;

- постои писмен документ со кој се потврдува намената на депозитот, односно на паричните средства во депо, како средство за обезбедување на кредитната изложеност;

- во случај на активирање на обезбедувањето, банката е единствен корисник на депозитните средства, односно на парични средства во депо;

- активирањето на обезбедувањето да настане во услови кога комитентот не ги исполнува своите обврски кои произлегуваат од договорот за кредитна изложеност.

20% за:

а) Побарувања обезбедени со граѓански чекови и злато, до износот на обезбедувањето, при што треба да бидат истовремено исполнети условите од точка 6, потточка д), алинеи 1, 2, 3 и 4;

б) Побарувања од меѓународни финансиски институции и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции и хартии од вредност издадени од овие институции;

Во смисла на оваа одлука, во групата на меѓународни финансиски институции влегуваат: Банката за меѓународни порамнувања (BIS), Европската Банка за Обнова и Развој (EBRD), Европската Инвестициона Банка (EIB), Меѓународниот Монетарен Фонд (IMF), Меѓународната Банка за Обнова и Развој (Светска Банка) и сите останати институции кои работат во составот на Светска Банка.

в) Побарувања од првокласни банки и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции и хартии од вредност издадени од овие банки;

Како првокласна банка, во смисла на оваа одлука, се смета секоја банка која согласно кредитниот рејтинг систем на една од следните агенции: Moody's, Standard & Poor's, Fitsh IBCA и Thompson Bank Watch е оценета најмалку со БББ - (согласно рејтингот на Standard & Poor's, Fitsh IBCA и Thompson Bank Watch) или со Баа3 (согласно рејтингот на Moody's).

г) Побарувањата од домашни и странски банки кои не влегуваат во групата на првокласни банки со ризидуална рочност до една година и побарувања со ризидуална рочност до 1 година обезбедени се неотповикливи, безусловни гаранции и хартии од вредност издадени од овие банки;

Во смисла на оваа одлука, како домашни банки се сметаат банките и штедилниците кои што работат со дозвола издадена од Народна банка на Република Македонија.

Во рамките на побарувањата од банки, во смисла на оваа одлука, не се вклучуваат оние побарувања на банката, кои во другите банки служат како обезбедување, како и побарувањата од банки против кои се води судска постапка.

50% за:

а) Побарувања од локалната управа, државни фондови и агенции и побарувања обезбедени со неотповикливи, безусловни гаранции и хартии од вредност издадени од овие субјекти;

100% за:

а) Останата неспомната актива.

## III. АКТИВНИ ВОНБИЛАНСНИ ПОЗИЦИИ

7. Активните вонбилансни позиции во смисла на оваа одлука се поделени во две групи на вонбилансни позиции: класични и специфични вонбилансни позиции, а разликите произлегуваат како од нивниот карактер, така и од факторите на конверзија и начинот на кој се врши конверзијата на вонбилансните позиции во кредитни еквиваленти.

8. Класичните вонбилансни позиции се класифицираат во групи кои се претвораат во кредитни еквиваленти со примена на следните фактори на конверзија:

со 0%:

а) Неискористени, безусловно отповикливи рамковни кредити со рок на достасување до една година;

б) Гаранции покриени со неотповикливи, безусловни гаранции издадени од страна на Република Македонија;

в) Покриени гаранции, акредитиви или други покриени вонбилансни позиции кои не носат кредитен ризик, односно не претставуваат потенцијална кредитна обврска за банката;

Под покриени вонбилансни позиции се подразбираат вонбилансните позиции за кои комитентот во моментот на одобрувањето положил покритие во денарски или девизни парични средства, кое е со строго одредена намена и кое не може да се повлече сé до моментот на затворање на вонбилансната позиција. Под покритие не се подразбираат хипотеките или другите начини на обезбедување, освен паричните средства.

со 20%:

а) Неискористени рамковни кредити со рок на достасување до една година.

со 50%:

а) Неискористени безусловно отповикливи рамковни кредити и други неискористени рамковни кредити со рок на достасување над 1 година;

б) Чинидбени гаранции.

со 100%:

а) Непокриени акредитиви и гаранции, конфирмирани акредитиви и други вонбилансни позиции;

б) Останата неспомната вонбилансна актива поврзана со преземени потенцијални обврски.

9. Кредитните еквиваленти на специфичните вонбилансни позиции-финансиски деривативи се пресметуваат како производ на книговодствената вредност на овие позиции и соодветниот фактор на конверзија, кој што се одредува според рокот на достасување и видот на договорот.

10. Факторите на конверзија за специфичните вонбилансни позиции се поделени во две групи во зависност од предметот на договорот за финансиски дериватив: каматна стапка или девизен курс. За сите останати договори важат факторите на конверзија кои се определени за договорите поврзани со девизниот курс (пр. купопродажба на злато, акции или друг вид на хартии од вредност).

| Рок на достасување | Договори чиј што предмет се каматните стапки | Договори чиј што предмет е девизниот курс |
|---|---|---|
| До 1 година | 0,5 % | 2 % |
| 1 - 2 години | 1,0 % | 5 % |
| За секоја дополнителна година | + 1,0 % | + 3 % |

11. Под рок на достасување се подразбира рокот наведен во склучениот договор за финансиски дериватив.

12. По пресметката на кредитните еквиваленти согласно точка 8 и точка 10 на оваа одлука, добиените износи се пондерираат со пондерите на ризичност од точка 6 на оваа одлука според категоријата на која и припаѓа потенцијалниот должник на банката и видот на обезбедувањето.

## IV. УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИЧНО ПОНДЕРИРАНАТА АКТИВА

13. Ризично пондерираната актива се добива така што од збирот на пондерираните активни билансни и вонбилансни позиции се одбиваат:

а) Износот на непокриената загуба од претходните години;

б) Капиталните вложувања во банки и небанкарски финансиски институции на нето основа (книговодствена вредност на капиталните вложувања намалена за соодветниот дел на издвоени посебни резерви за потенцијални загуби);

в) Разликата меѓу висината на потребните посебни резерви за потенцијални загуби согласно извршената класификација на ризичноста на комитентите и издвоените посебни резерви на банката;

г) Во текот на годината ризично пондерираната актива се намалува уште и за износот на тековната загуба.

## V. АДЕКВАТНОСТ НА КАПИТАЛОТ

14. Во смисла на оваа одлука, заради обезбедување на соодветно ниво на капитал за покривање на ризикот од девизниот курс, во пресметката на показателот за адекватноста на капиталот се зема во предвид и агрегатната отворена девизна позиција, утврдена согласно Одлуката за утврдување и пресметување на отворените девизни позиции на банките ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2001-пречистен текст).

15. Показателот за адекватноста на капиталот се пресметува како однос помеѓу гарантниот капитал на банката, утврден согласно Одлуката за методологијата на утврдување на гарантниот капитал на банките ("Сл. весник на РМ" бр. 77/2000) и збирот на ризично пондерираната актива (точка 13) и агрегатната отворена девизна позиција (точка 14).

## VI. ИЗВЕШТАЈ

16. Банките составуваат извештај за спроведувањето на оваа одлука според книговодствената состојба на 31.03., 30.06., 30.09. и 31.12. и го доставуваат до Народна банка на Република Македонија.

Рокот за доставување на извештајот со состојба на 30.06. и 31.12. е 5 работни дена по истекот на рокот за доставување на периодичната пресметка или годишната сметка.

Рокот за доставување на извештајот со состојба на 31.03. и 30.09. е 15 работни дена по истекот на периодот за кој се доставува извештајот.

17. На посебно барање на Народна банка на Република Македонија банката е должна да изготви извештај со состојба на друг ден и во друг рок кои се различни од состојбата и рокот наведени во точка 16 од оваа одлука.

18. Првиот извештај од точка 16 од оваа одлука банката е должна да го изготви со состојба на 31.03.2002 година и да го достави до Народна банка на Република Македонија најдоцна до рокот утврден во точка 16 од оваа одлука.

19. Народна банка на Република Македонија го пропишува упатството и образецот на извештајот за спроведувањето на оваа одлука.

20. Одредбите од оваа одлука што се однесуваат на банките се применуваат и на штедилниците.

21. Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе почне да се применува сметано од 31.03.2002 година, на кој датум престанува да важи Одлуката за начинот на утврдување на ризично пондерираната актива на банките и штедилниците ("Сл. весник на РМ" бр. 10/94, 22/95 и 56/95).

О. бр. 02-15/LXXXIX-3/2001
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**1015.**

Врз основа на член 33 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96 - пречистен текст и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXIX седница, одржана на 28.06.2001 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ ПОСЕБНА РЕЗЕРВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОД ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ЗАГУБИ НА БАНКИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се одредува висината и начинот на кој банката е должна да формира посебна резерва за обезбедување од потенцијалните загуби кои произлегуваат од конкретни ризични активни биланси и вонбилансни позиции.

## II. ПОСЕБНА РЕЗЕРВА ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЗАГУБИ

2. Посебната резерва се формира во висина на утврдените потенцијални загуби кои произлегуваат од кредитниот ризик, согласно класификацијата во ризичните категории А, Б, В, Г и Д, како и пресметаната камата на кредитите кои добиле статус на нефункционална камата, на начин определен со Одлуката за утврдување на методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките според степенот на нивната ризичност ("Сл. весник на РМ" бр. 50/2001).

3. Посебната резерва за потенцијални загуби која произлегува од активни билансни побарувања претставува расход на банката, а се прикажува во билансот на состојба на посебна сметка во активата, со негативен предзнак, како позиција преку која се усогласува вредноста на активните билансни побарувања.

4. Посебната резерва за потенцијални загуби која произлегува од активни вонбилансни позиции претставува расход на банката, а се прикажува во билансот на состојба на посебна сметка во пасивата.

5. Посебната резерва за потенцијални загуби кои произлегуваат од ризикот на земјата се прикажува на ист начин, како и посебната резерва за потенцијални загуби кои произлегуваат од кредитен ризик, на начин определен во точка 3 и 4 од оваа одлука.

6. Банката е должна да ја пресмета и издвои потребната посебна резерва во моментот на одобрување на кредитната изложеност, а на крајот на секој квартал е должна да ја пресмета и издвои потребната посебна резерва за вкупната кредитна изложеност на банката.

Во моментот кога пресметаната камата добива статус на нефункционална камата, банката е должна веднаш да ја изврши соодветната исправка на пресметаната камата.

7. Банката е должна да ја пресмета и издвои потребната посебна резерва, најдоцна до последниот ден од извештајниот период.

При изработка на извештаите со состојба на 31.12. и 30.06., банката е должна да ја пресмета и издвои потребната посебна резерва во утврдениот рок за доставување на периодичната пресметка и годишната сметка.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. Народна банка на Република Македонија по потреба ќе издаде упатство за спроведувањето на оваа одлука.

9. Одредбите од оваа одлука што се однесуваат на банките се применуваат и за штедилниците.

10. Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе почне да се применува сметано од 31.03.2002 година, на кој датум престанува да важи Одлуката за висината и начинот на формирање посебна резерва на банките и штедилниците ("Сл. весник на РМ" бр. 10/94 и 62/95).

О. бр. 02-15/LXXXIX-4/2001
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

**1016.**

Врз основа на член 31 и 33 од Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/26 - пречистен текст и 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXIX седница, одржана на 28.06.2001 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА АКТИВНИТЕ БИЛАНСНИ И ВОНБИЛАНСНИ ПОЗИЦИИ НА БАНКИТЕ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА НИВНАТА РИЗИЧНОСТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банката, од аспект на загубата која може да настане во случај комитентот да не ги исполни своите обврски спрема банката.

2. Во врска со спроведувањето на одредбите на оваа одлука, банката е должна да воспостави систем за идентификување, мерење, следење и контрола на кредитниот ризик и ризикот на земјата на кои таа е изложена во своето работење.

Под кредитен ризик во смисла на оваа одлука се подразбира неможноста комитентот делумно или во целост да ги измири своите обврски кои произлегуваат од склучениот договор за кредитна изложеност со банката, или истите да не ги измирува во договорените рокови.

Ризикот на земјата ги рефлектира потенцијалните загуби кои можат да произлезат од општите состојби во земјата на комитентот. Ризикот на земјата се манифестира во следните облици: а) странска државна власт не ги исполнува своите обврски (ризик на суверенитет); б) странска државна и јавна власт поставува рестрикции при трансферот на средства од страна на свои резиденти заради регулирање на своите обврски спрема странски доверители (ризик на трансфер); в) значителен број на должници во поодделна земја не ги исполнува своите обврски како резултат на јасно препознатлива причина, на пр. природни непогоди, војна, политички и социјални потреси во земјата итн. (колективен ризик на должниците).

3. Банката е должна да ги класифицира активните билансни и вонбилансни позиции во групи според степенот на нивната ризичност и да изврши проценка на износот на потенцијалните загуби.

4. Кредитната изложеност, која е предмет на класификација од страна на банката, во смисла на одредбите на оваа одлука ги опфаќа:

а) Активните билансни побарувања врз основа на: достасани и недостасани краткорочни и долгорочни кредити, нефункционалните побарувања, побарувањата од Република Македонија и Народна банка на Република Македонија, платени гаранции, акредитиви, авали и други билансни побарувања настанати по основ на вонбилансна изложеност на банката, други достасани побарувања, пресметани камати, надоместоци, провизии, депозити кај домашни и странски банки, пласмани во хартии од вредност, капитални вложувања во домашни и странски банки и други правни лица, и други побарувања кои можат да се распределат по поединечни должници;

б) Активните вонбилансни позиции врз основа на: издадени непокриени гаранции, отворени непокриени акредитиви, авали, акцепти на банката, непокриени чинидбени гаранции, и други облици на вонбилансни позиции, кои претставуваат потенцијална обврска за банката.

5. Паричните средства и салда на банката кај Народна банка на Република Македонија, нематеријалните вложувања, природните богатства, средствата за работа, залихите и основните средства претставуваат актива која не се класифицира од страна на банката.

6. Комитент во смисла на оваа одлука претставува корисник на кредит или друг облик на кредитна изложеност, одобрен од страна на банката, при што под поединечен комитент се подразбираат сите правни и физички лица кои согласно Законот за банки ("Сл. весник на РМ" бр. 63/2000) и Одлуката за дефинирање и начинот на утврдување на поврзани субјекти во согласност со Законот за банките ("Сл. весник на РМ" бр. 28/2001) се сметаат за поврзани.

### II. КЛАСИФИКАЦИЈА НА КРЕДИТНА ИЗЛОЖЕНОСТ

7. При оценка на ризичноста на кредитната изложеност спрема комитентот, банката е должна да го има во предвид следното:

- оценка на финансиската состојба и перспективата на комитентот, преку соодветна анализа на неговите финансиски и други извештаи;
- проценка на веројатноста дека употребата на средствата според договорената намена на кредитот или друг облик на кредитна изложеност ќе предизвика готовински прилив кај комитентот во обем и динамика што ќе одговара на договорениот начин на отплата на обврските;
- оценка на видот, вредноста и квалитетот на обезбедувањето;
- оценка на кредитната историја на комитентот, преку проверка на способноста за сервисирање на обврските спрема банката (доколку комитентот претходно користел кредити или други облици на кредитна изложеност на банката);
- карактерот на комитентот, односно неговите статусни, економски и финансиски особености, составот на органите на управување и раководење на комитентот;
- вкупната кредитна изложеност и просечната ризична класификација на комитентот спрема банкарскиот систем на Република Македонија (извор на податоци: Централен кредитен регистар).

8. Банката е должна да изврши класификација на кредитната изложеност спрема секој поединечен комитент.

9. Кредитната изложеност која се однесува на група на поврзани должници треба да биде класифицирана со ризична категорија на комитентот, кој е најниско рангиран во групата.

Во смисла на став 1 на оваа точка, најниско рангиран комитент е комитентот класифициран во најризична категорија.

10. Во случај кога кредитната изложеност спрема комитентот е делумно покриена со обезбедување, можно е класифицирање на покриениот и непокриениот дел од кредитната изложеност во две различни ризични категории.

11. Во случај кога комитентот е странско лице, при класификацијата на комитентот според нивото на кредитниот ризик, дополнително треба да се земе во предвид и ризикот на земјата.

12. Врз основа на примена на објективните и субјективните мерила за класификација утврдени со оваа одлука, кредитната изложеност на банката се класифицира во следните ризични категории: А, Б, В, Г и Д.

а) Во ризична категорија "А" се класифицираат:

- Побарувањата од Народна банка на Република Македонија и Република Македонија;

- Кредитна изложеност спрема комитент кој своите обврски спрема банката ги извршува во рокот на достасаност или со задоцнување најмногу до 15 дена;

- Кредитна изложеност која е целосно обезбедена со првокласни инструменти за обезбедување, дефинирани во точка 14 од оваа одлука.

б) Во ризична категорија "Б" се класифицираат:

- Кредитна изложеност спрема комитент, за кој банката врз основа на проценка на кредитната способност оценува дека паричните приливи ќе бидат доволни за редовно измирување на достасаните обврски, без оглед на прикажаните моментални финансиски слабости, со тоа што не постојат знаци за натамошно влошување на состојбата на комитентот;

- Кредитна изложеност спрема комитент кој своите обврски најчесто ги извршува со задоцнување до 30 дена, или со исклучок од 31 до 90 дена, доколку доцнењето е само повремено во интервалот од 31 до 90 дена;

в) Во ризичната категорија "В" се класифицираат:

- Кредитна изложеност спрема комитент за кој е утврдено и оценето дека има неадекватен паричен тек кој би му овозможил исполнување на своите обврски во рокот на достасување;

- Кредитна изложеност спрема комитент кој е неадекватно капитализиран;

- Кредитна изложеност спрема комитент со неадекватна рочна структура на активата и пасивата, т.е. недоволно долгорочни извори на средства за финансирање на долгорочни активности на комитентот;

- Кредитна изложеност спрема комитент за кој банката не располага со задоволителни информации, односно ја нема потребната документација за водење на кредитните досиеја согласно точка 22 од оваа одлука;

- Кредитна изложеност спрема комитент на кој му се реструктуирани обврските или се извршени други пролонгирања на отплатата на кредитот или другите облици на кредитна изложеност заради посеризони финансиски тешкотии;

- Кредитна изложеност спрема комитент за кој е извршено плаќање по издадените акредитиви, гаранции, авали или други форми на гаранција (емство);

- Кредитна изложеност спрема комитент кој најчесто ги извршува своите обврски со задоцнување од 31 до 90 дена, или со исклучок од 91 до 180 дена, доколку доцнењето е само повремено во интервалот од 91 до 180 дена;

г) Во ризична категорија "Г" се класифицираат:

- Кредитна изложеност спрема комитент кој е неликвиден и несолвентен;

- Кредитна изложеност спрема комитент чии доверители ги отпишале своите побарувања од него;

- Кредитна изложеност спрема комитент во санација;

- Кредитна изложеност спрема комитент за кој до надлежниот суд е поднесен предлог за воведување на постапката за ликвидација или стечај и од кој банката оправдано очекува делумна наплата на своите побарувања по пласманите;

- Кредитна изложеност спрема комитент, која е со спорна правна основа;

- Кредитна изложеност спрема комитент кај кој наплатата на долговите зависи од активирањето на инструментите за обезбедување;

- Кредитна изложеност каде постојат очекувања дека банката ќе наплати само дел од своите побарувања спрема комитентот;

- Кредитна изложеност спрема комитент кој своите обврски најчесто ги извршува со задоцнување од 91 до 180 дена, или со исклучок од 181 до 365 дена, доколку доцнењето е само повремено во интервалот од 181 до 365 дена;

д) Во ризична категорија "Д" се класифицираат:

- Кредитна изложеност спрема комитент кој своите обврски ги извршува со задоцнување подолго од 365 дена или воопшто не ги извршува;

- Кредитна изложеност спрема комитент во стечај или ликвидација;

- Кредитна изложеност спрема комитент, која е предмет на судски спор и истовремено не е обезбедена со квалитетен инструмент за обезбедување;

- Комитент со недефиниран правен статус;

- Кредитна изложеност спрема комитент за кого постојат цврсти очекувања дека банката нема да биде во можност да ги наплати своите побарувања од комитентот.

13. При класификација на кредитната изложеност спрема физички лица се имаат во предвид и следните мерила:

а) Изворите на приходи од кои може да се плати обврската;

б) Стабилност на изворите на приходи;

в) Вкупната финансиска моќ на комитентот;

г) Интегритет на комитентот.

14. Првокласни инструменти за обезбедување, како и кредитна изложеност обезбедена со првокласни инструменти, во смисла на оваа одлука се сметаат:

а) Кредитна изложеност обезбедена со паричен депозит или парични средства во депо, до износот на паричниот депозит, односно на паричните средства во депо, при што потребно е да бидат истовремено исполнети следните услови:

- рокот на достасување на паричниот депозит е еднаков или подолг од рокот на достасување назначен во договорот за кредитна изложеност, односно паричните средства во депо можат да се повлечат само под услов кредитната изложеност на банката да биде целосно затворена;

- постои писмен документ со кој се потврдува намената на депозитот, односно на паричните средства во депо, како средство за обезбедување на кредитната изложеност;

- во случај на активирање на обезбедувањето, банката е единствен корисник на депозитните средства, односно на парични средства во депо;

- активирањето на обезбедувањето да настане во услови кога комитентот не ги исполнува своите обврски кои произлегуваат од договорот за кредитна изложеност.

б) Хартии од вредност на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија и Владите и централните банки на земјите членки на Европската Унија, Швајцарија, Канада, Јапонија и САД;

в) Неотповикливи гаранции или супергаранции издадени од домашни или првокласни странски банки, кои ги содржат зборовите "на прв повик" или "без приговор";

г) Безусловни гаранции плативи на прв писмен повик издадени од Република Македонија и Владите и централните банки на земјите членки на Европската Унија, Швајцарија, Канада, Јапонија и САД.

Кредитната изложеност која што во целост е обезбедена со инструментите наведени во потточките од а) до г) од првиот став на оваа точка се класифицираат во ризична категорија А се до активирањето на инструментот, под услов активирањето да не е во рок подолг од 30 дена по рокот на достасување на побарувањата.

15. За првокласна банка, во смисла на оваа одлука, се смета онаа банка, која согласно кредитниот рејтинг систем на една од следните агенции: Moody's, Standard & Poor's, Fitch IBCA и Thompson Bank Watch е оценета со најмалку со БББ-(согласно рејтингот на Standard & Poor's, Fitch IBCA и Thompson Bank Watch) или со Баа3 (согласно рејтингот на Moody's).

16. Кредитите класифицирани во ризичните категории "Г" и "Д" или кредитите кај кои каматата не е наплатена подолго од (90) дена сметано од денот на достасувањето, банката е должна да ги евидентира (да ги прокнижи) на посебно книговодствено конто како нефукционални кредити, а каматата, се евидентира на книговодствено конто за нефункционална камата.

Кредитите на еден комитент можат да се исклучат од категоријата на нефункционални кредити само доколку сите достасани побарувања по тие кредити се наплатени.

## III. УТВРДУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ЗАГУБИ НА БАНКАТА

17. Посебната резерва за обезбедување од потенцијални загуби на банката кои произлегуваат од кредитниот ризик, врз основа на класифицирање на кредитната изложеност во смисла на одредбите на оваа одлука, се пресметуваат со примена на следните проценти:

- 0% од вкупната кредитна изложеност класифицирана во ризичната категорија"А";
- 10% од вкупната кредитна изложеност класифицирана во ризичната категорија"Б";
- 25% од вкупната кредитна изложеност класифицирана во ризичната категорија"В";
- 50% од вкупната кредитна изложеност класифицирана во ризичната категорија"Г";
- 100% од вкупната кредитна изложеност класифицирана во ризичната категорија "Д".

18. Банката може по сопствена оценка за кредитната изложеност класифицирана во ризична категорија "А" да пресмета потенцијални загуби во висина од 2%.

19. При оценка на ризикот на земјата, банката пресметува потенцијални загуби во однос на кредитната изложеност на комитент-странско лице најмалку во висина на процентот утврден за земјата од каде потекнува комитентот.

При оценка на ризикот на земјата поврзан со изложеноста спрема комитент - странска банка, која претставува филијала на друга странска банка, се зема предвид утврдениот ризик на земјата каде е седиштето на матичната банка.

Висината на потенцијалните загуби во врска со ризикот на земјата се пресметува врз основа на податоците презентирани во посебна листа која се доставува од страна на Народна банка на Република Македонија.

20. Одредбите од точка 19 од оваа одлука, не се применуваат за следните случаи:

- кога договорната рочност на одреден облик на кредитна изложеност спрема комитент - странско лице е до 3 месеци;
- за кредитна изложеност спрема странски првокласни банки, дефинирани од точка 15 од оваа одлука;
- за кредитна изложеност спрема меѓународни финансиски институции, дефинирани во точка 6 од Одлуката за методологијата на утврдување на ризично пондерираната актива на банките ("Сл. весник на РМ" бр.50/2001).

21. При пресметување на потенцијалните загуби во однос на кредитната изложеност спрема комитент - странско лице, се собираат потенцијалните загуби кои произлегуваат од кредитниот ризик и ризик на земјата, со тоа што нивниот вкупен износ не може да изнесува повеќе од износот на кредитната изложеност спрема комитентот.

## IV. ВОДЕЊЕ НА КРЕДИТНИТЕ ДОСИЕЈА

22. Банката обезбедува информации и документација за должниците најмалку во обем кој ќе биде пропишан од страна на Народна банка на Република Македонија со Упатството за водење на кредитните досиеја.

## V. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА

23. Одборот за раководење со ризикот во банката треба да воспостави адекватни политики и процедури за оценка на кредитните изложености на банката и нивното управување.

Заради спроведување на оваа одлука, банките се должни:

- Да го развијат системот на внатрешна контрола и известување кој ќе утврди соодветна употреба на мерилата за класифицирање на кредитната изложеност;
- Да се овозможи непречено функционирање на системите на внатрешна контрола и непречено извршување на задачите и активностите од страна на внатрешната и надворешната ревизија;
- Да го развијат системот за постојано следење на кредитниот ризик;
- Да се донесат сметководствени практики и процедури потребни за имплементација на оваа одлука;
- Да донесат кредитна политика, и истата да ја усогласат со стопанските и пазарните промени во земјата;
- Да донесат политика за управување со ризикот на земјата.

24. Со примена на мерилата пропишани со оваа одлука, банката најмалку тримесечно ја класифицира кредитната изложеност спрема сите должници. При одобрување на одреден облик на кредитна изложеност, банката е должна да ја класифицира ризичноста на кредитната изложеност спрема тој комитент.

25. Народна банка на Република Македонија најмалку еднаш во текот на 18 месеци ја проверува класификацијата извршена од страна на банката, преку непосреден надзор.

26. Врз основа на перманентен супервизорски надзор, Народна банка на Република Македонија може да и наложи на банката да изврши измена на ризичната категорија на одредени должници.

## VI. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

27. Банките составуваат извештај за спроведувањето на оваа одлука според книговодствената состојба на 31.03, 30.06, 30.09. и 31.12. и го доставуваат до Народна банка на Република Македонија.

Рокот за доставување на извештајот со состојба на 30.06. и 31.12. е 5 работни дена по истекот на рокот за доставување на периодичната пресметка или годишната сметка.

Рокот за доставување на извештајот со состојба на 31.03. и 30.09. е 15 работни дена по истекот на периодот за кој се доставува извештајот.

28. На посебно барање на Народна банка на Република Македонија банката е должна да изготви извештај со состојба на друг ден и во друг рок кои се ризични од состојбата и рокот наведени во точка 27 од оваа одлука.

29. Првиот извештај од точка 27 од оваа одлука банката е должна да го изготви со состојба на 31.03.2002 година и да го достави до Народна банка на Република Македонија најдоцна до рокот утврден во точка 27 од оваа одлука.

30. Народна банка на Република Македонија го пропишува упатството и образецот на извештајот за спроведувањето на оваа одлука.

31. Одредбите од оваа одлука што се однесуваат на банките се применуваат и на штедилниците.

32. Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе почне да се применува сметано од 31.03.2002 година, на кој

датум престанува да важи Одлуката за класификација на активните билансни и вонбилансни ставки на банките и штедилниците според степенот на нивната ризичност ("Сл. весник на РМ" бр. 10/94, 56/95, 62/95, 26/96 и 111/2000).

О.бр.02-15/LXXXIX-5/2001
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

1017.

Врз основа на член 53 став 2 од Законот за девизно работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 30/93, 40/96 и 54/2000) и врз основа на член 29 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/96 - пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXIX седница одржана на 28.06.2001 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА НАЈМАЛИОТ, ОДНОСНО НАЈГОЛЕМИОТ ИЗНОС НА ДЕВИЗИ КОЈ ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ ЗА ВРШЕЊЕ ПЛАТЕН ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО И КРЕДИТНИ РАБОТИ СО СТРАНСТВО МОРААТ, ОДНОСНО МОЖАТ ДА ГО ДРЖАТ НА СМЕТКИТЕ ВО СТРАНСТВО ОД 01.07.2001 ДО 30.09.2001 ГОДИНА

1. На банките кои добиле овластување за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство до влегување во сила на оваа одлука, им се утврдува износот од УСД 62.648.000 како најмал износ на девизи кој мораат да го држат на сметките во странство и УСД 93.972.000 како најголем износ кој можат да го држат на сметките во странство од 01.07.2001 до 30.09.2001 година.

Поединечните износи за најмалиот, односно најголемиот износ на девизи кој овластените банки за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство мораат, односно можат да го држат на сметките во странство, гувернерот на Народна банка на Република Македонија ќе ги утврдува со одлука за секоја банка поодделно.

Одлуките на гувернерот од претходниот став се обврзувачки во смисла на член 53 став 2 од Законот за девизно работење.

2. Банката што ќе добие овластување за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство, по влегувањето на сила на оваа одлука мора да држи 25% од капиталот потребен за добивање овластување за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство, како најмал износ на девизи на сметките во странство.

Износот од став 1 од оваа точка банката е должна да го достигне во рок од 30 (триесет) дена од денот на добивање на овластувањето за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство.

Поимот износ на девизи кој овластените банки за вршење платен промет со странство и кредитни работи со странство мораат, односно можат да го држат на сметките во странство согласно оваа одлука, претставува износот на девизни средства во позиција пресметан според Одлуката за начинот и условите на купопродажба на девизи меѓу правните лица во Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.07.2001 година.

О. бр. 02-15/LXXXIX-7/2001
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

1018.

Врз основа на член 63 став 1 точка 14 и член 80 точка 1 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 29/96-пречистен текст и бр. 37/98), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXXXIX седницата одржана на 28.06.2001 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствената тарифа по која се наплатуваат надоместоците за услугите што ги врши Народна банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 82/92, 68/93, 28/94, 67/94, 22/95, 56/95, 62/95, 4/96, 45/96, 60/96 и 16/01) се вршат следните измени и дополнувања:

2. Точка I се менува и гласи:

I. ДЕВИЗНИ РАБОТИ

**1) Работи со девизи**

а) Работи на купопродажба на девизни средства со комерцијални банки:

1.1. Продажба на девизи на овластени комерцијални банки, 0,5% (од сто), а најмалку 2000 денари.

1.2. Купување на девизи од овластени комерцијални банки, без надоместок.

Во цената на надоместокот е вклучен и трансферот на средствата.

За определување на основата за пресметување на провизиите за работите на продажба на девизни средства со комерцијалните банки се користат средните курсеви од индикативната курсна листа на НБРМ на денот на случување на трансакцијата.

Надоместокот Народна банка на Република Македонија го наплатува веднаш со склучувањето на трансакцијата.

б) Работи на купопродажба на девизни средства со останатите домашни лица:

1.3. Продажба на девизи, 0,2% (од сто).

1.4. Купување на девизи, без надоместок.

За определување на основата за пресметување на провизиите за работите на продажба на девизни средства се користат продажните курсеви од индикативната курсна листа на НБРМ на денот на случување на трансакцијата.

Надоместокот Народна банка на Република Македонија го наплатува веднаш со склучувањето на трансакцијата.

**2) Трансфери**

2.1. Надомест за реализација на трансфер во странство, 0,2% (од сто).

2.2. Измена на трансферот, 750 денари.

2.3. Свифт трошоци во висина од 500 денари по дознака.

За определување на основата за пресметување на провизиите за трансферите се користат продажните курсеви од индикативната курсна листа на Народна банка на Република Македонија на денот на случување на трансакцијата.

Надоместокот Народна банка на Република Македонија го наплатува веднаш со склучувањето на трансакцијата. Надоместокот на дознаките по основ сторно не се наплатува.

Налогодавачот на секој трансфер во висина под 250 евра е должен да ги намири сите надоместоци и трошоци со кои странскиот кореспондент ја товари Народна банка на Република Македонија. Овој надоместок се плаќа во денари согласно со прописите.

Од плаќање на надоместок за реализација на трансфер во странство се ослободени плаќањата кои се реализираат согласно Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користените кредити од меѓународните финансиски организации ("Сл. весник на РМ" бр. 48/94).

### 3) Работа со странски ефективни средства за плаќање

а) Работи на купопродажба на ефективни странски средства за плаќање со домашни овластени комерцијални банки

3.1. Продажба на ефективни странски средства за плаќање на овластени комерцијални банки , без надомест со трансфер на девизи на сметките во странство.

3.2. Купување на ефективни странски средства за плаќање од овластени банки, без надомест со трансфер на девизи на сметките во странство.

б) Работи на купопродажба на ефективни странски средства за плаќање со останати домашни лица

3.3. Продажба на ефективни странски средства за плаќање, 0,2% (од сто).

3.4. Купување на ефективни странски средства за плаќање 0% (од сто),

За определување на основата за пресметување на провизиите за работите на продажба на девизни средства се користат продажните курсеви од индикативната курсна листа на Народна банка на Република Македонија на денот на случување на трансакцијата.

Надоместокот Народна банка на Република Македонија го наплатува веднаш со склучувањето на трансакцијата.

в) Работи со фалсификати

3.5. Вештачење на фалсификати, 2% (од сто) или најмалку 2000 денари.

3.6. Анулирање на чекови и кредитни писма, 2% (од сто) или најмалку 2000 денари.

### 4) Инкасо документи

а) Чекови, обврзници и други хартии од вредност

4.1. Испратени во странство 0,0% (од сто).

4.2. Примени од странство 0,0 % (од сто).

б) Други документи

4.3. Одобренија и задолженија по решенија на надлежниот републички орган, 0% (од сто).

в) Стокови исправи

4.4. Испратени во странство, 0% (од сто).

4.5. Примени од странство, 0% (од сто).

г)Меници

4.6. Без протест, 0% (од сто).

4.7. Со протест, 0% (од сто).

4.8. Прибавување на акцепт, 0,75% (од сто), најмалку 24.750 денари, не повеќе од 1.000.000 денари.

4.9. Испраќање на меница во странство, 10.000 денари по меници.

### 5) Гаранции

а) Ностро гаранции

5.1. Издавање на гаранција со покритие, 1% (од сто), најмалку 10.000 денари, не повеќе од 300.000 денари (се наплатува тримесечно).

5.2. Издавање на гаранција без покритие, 1,25% (од сто), најмалку 12.500 денари, не повеќе од 375.000 денари (се наплатува тримесечно).

5.3. Издавање на гаранција со обезбедување на покритие на плаќањето, 1% (од сто), најмалку 10.000 денари, не повеќе од 300.000 денари (се наплатува тримесечно).

5.4. Измена на условите на гаранцијата, 1.500 денари.

5.5. Манипулација со документите, 0,3% (од сто), најмалку 1.000 денари, не повеќе од 100.000 денари.

5.6. Издавање на супергаранции, 1,50% (од сто), најмалку 25.000 денари, не повеќе од 500.000 денари (се наплатува тримесечно).

5.7. Издавање на гаранција и на други форми на емство по кредитите за рефинансирање, 1% (од сто), најмалку 10.000 денари, не повеќе од 300.000 денари (се наплатува тримесечно).

б) Лоро гаранции

5.8. Спроведување на гарантно писмо, 1.500 денари.

5.9. Нотификација без обврска на банката, 0,2% (од сто), најмалку 1000 денари, не повеќе од 100.000 денари (се наплатува тримесечно).

5.10. Манипулација со исправите, 0,3% (од сто), најмалку 1000 денари, не повеќе од 100.000 денари.

5.11. Конфирмација, 1,50% (од сто), најмалку 25.000 денари, не повеќе од 500.000 денари (се наплатува тримесечно).

5.12 Исплата по документите предвидени во гаранциите од претходниот став 0,3% (од сто), најмалку 25.000 денари, не повеќе од 300.000 денари (се наплатува тримесечно).

5.13. Измена на условите на гаранцијата, 1.500 денари.

За определување на основата за пресметување на провизиите за работите со гаранциите се користат продажните курсеви од индикативната курсна листа на НБРМ на денот на издавање на трансакцијата.

Надоместокот по гаранциите се наплатува однапред, а секое започнато тримесечје се смета како цело. Во случаите кога гаранцијата нема да се искористи целосно или делумно надоместокот не се враќа.

### 6) Акредитиви

а) Ностро акредитив

6.1. Отворање на акредитив со покритие, 0,3% (од сто), најмалку 6.250 денари, не повеќе од 100.000 денари (се наплатува квартално).

6.2. Отворање на акредитив со одложено полагање на покритие и со давање на инструменти за обезбедување на покритие, 1,25% (од сто), најмалку 18.750 денари, не повеќе од 250.000 денари (се наплатува квартално).

6.3. Конфирмација на акредитиви, 0,25% (од сто), најмалку 6.250 денари, не повеќе од 100.000 денари (се наплатува квартално).

6.4. Прифаќање на обработка на документите, 0,15% (од сто), најмалку 1.000 денари, не повеќе од 100.000 денари.

6.5. Измена на условите на акредитивот (вклучувајќи пренос и сторнирање), 750 денари.

б) Лоро акредитиви

6.6. Нотификација (авизирање) на корисникот, 0,15% (од сто), најмалку 1.000 денари, не повеќе од 100.000 денари (се наплатува тримесечно).

6.7. Конфирмација, 0,5% (од сто), најмалку 25.000 денари, не повеќе од 250.000 денари (се наплатува тримесечно).

6.8. Пренос на акредитив, 0,2% (од сто), најмалку 1.000 денари, не повеќе од 100.000 денари (се наплатува тримесечно).

6.9. Измена на условите на акредитивот (вклучувајќи и сторнирање), 750 денари.

6.10. Преземање и обработка на документи, 0,15% (од сто), најмалку 1.000 денари, не повеќе од 100.000 денари.

6.11. Обработка на прилив, 1.000 денари.

За определување на основата за пресметување на провизиите за работите со акредитивите се користат продажните курсеви од индикативната курсна листа на НБРМ на денот на отворањето на акредитивот.

Налогодавачот по ностро акредитиви е должен да ги намири сите надоместоци и трошоци со кои странскиот кореспондент ја товари Народна банка на Република Македонија без оглед на тоа дали акредитивот се отвора со или без положено покритие. Овој надоместок се плаќа во денари согласно со прописите.

Надоместокот по ностро акредитивите се пресметува однапред, а секое започнато тримесечје се смета како цело. Плаќањето на провизијата се врши по затворањето на акредитивот. Во случаите кога акредитивот нема да се искористи, делумно или во целост провизијата не се враќа.

**7) Тековни сметки на странски лица**

а) Лоро сметки

7.1. Уплата на девизи, без надоместок.

7.2. Исплата на девизи, 0,15% (од сто).

За определување на основата за пресметување на провизиите за работите со акредитивите се користи износот на девизи кој се исплатува. Провизијата се наплаќа во девизи.

3. Во точка VI други работи алинејата 33.4 се брише.

4. Броевите на алинеите во точките II, III, IV, V и VI се менуваат согласно измената на броевите на алинеите во точката I од оваа одлука и тоа по редослед.

5. Оваа одлука влегува во сила 8 дена по објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

6. Се овластува дирекцијата за правно организационо кадровски и публикациски работи да изготви пречистен текст на Одлуката.

О. бр. 02-15/LXXXIX-8/2001
28 јуни 2001 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

1019.

Врз основа на член 15 став 3 и член 27 точка 2) од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/98 и 50/99), Државната изборна комисија, на седницата одржана на 2 јули 2001 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА БРОЈ 74 ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР - ДЕЛ

I. Во Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Изборната комисија на Изборната единица број 74 во општина Центар-дел ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/98 и 58/99), се вршат следниве изменувања:

Лилјана Кацарска се разрешува од функцијата претседател на Изборната комисија на Изборната единица број 74 во општина Центар-дел, по нејзино барање од здравствени причини.

Зорица Илиовска се разрешува од функцијата заменик претседател на Изборната комисија на Изборната единица број 74 во општина Центар-дел.

II. Зорица Илиовска се именува за претседател на Изборната комисија на Изборната единица број 74 во општина Центар-дел.

Ленка Штерјова се именува за заменик претседател на Изборната комисија на Изборната единица број 74 во општина Центар-дел.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 07-58/1
2 јули 2001 година
Скопје

Претседател
на Државната изборна
комисија,
**Јосиф Луковски,** с.р.

---

1020.

Врз основа на член 15 став 3 и член 17 став 2 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/98 и 50/99), Државната изборна комисија, на седницата одржана на 2 јули 2001 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА БРОЈ 74 ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР - ДЕЛ

I. Во Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Изборната комисија на Изборната единица број 74 во општина Центар-дел ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/98 и 58/99), во делот II што се однесува на членовите на Изборната комисија на Изборната единица број 74 наместо "Димитар Илиевски" треба да стои "Георги Трајчев", а во делот што се однесува на замениците членови наместо "Дамјан Варошлија" треба да стои "Милан Новков".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 07-59/1
2 јули 2001 година
Скопје

Претседател
на Државната изборна
комисија,
**Јосиф Луковски,** с.р.

---

1021.

Врз основа на член 15 став 3 и член 17 став 2 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/98 и 50/99), Државната изборна комисија, на седницата одржана на 2 јули 2001 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА БРОЈ 73 ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР - ДЕЛ

I. Во Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Изборната комисија на Изборната единица број 73 во општина Центар - дел ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/98 и 58/99), во делот II што се однесува на членовите на Изборната комисија на Изборната единица број 73 наместо "Љупчо Пандиловски" треба да стои "Мијалчо Панов", а во делот што се однесува на замениците членови наместо "Борче Ѓозински" треба да стои "Марија Бошковска".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 07-60/1
2 јули 2001 година
Скопје

Претседател
на Државната изборна
комисија,
**Јосиф Луковски,** с.р.

---

# *Огласен дел*

## С У Д С К И   О Г Л А С И

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Основниот суд Скопје I - Скопје како вонпроцесен суд составен од судијата Маргарита Тошанова, како судија поединец, постапувајќи по предлогот на предлагачот Звонко Антовски од Скопје, ул."Црногорска" бр. 7-а.

Се повикува исчезнатиот Ѓоко Антовски од Скопје со последно место на живеење во Скопје, ул."Црногорска" бр. 7-а, роден на 13.05.1935 година во с.Жилче - Тетово, кој на ден 25.11.1995 година замина од неговиот стан во непознат правец и за чиј живот во последните 5 години нема никакви вести, без одлагање да се јави во Основниот суд Скопје I - Скопје, бул."Крсте Мисирков" бб.

Истовремено се повикува секое лице кое нешто знае за исчезнатиот и за неговиот живот, без одлагање да му се јави на овој суд.

Доколку во рок од 3 месеци, од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" измине безуспешно, судот ќе донесе одлука по предлогот за прогласување на исчезнатото лице за умрено.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Р.бр. 136/00. (16367)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека пред овој суд во тек е постапка за сопственост, по тужба на тужителката Марионка Лукиќ од Скопје, ул. "Васил Ѓорѓов" бр. 26/11, против тужениот Зоран Лукиќ од Скопје, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 20.000,00 денари.

Со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје бр. 3020-362 од 19.06.2001 година за посебен старател на тужениот му е поставен адвокат Слободан Ивановиќ од Скопје, ул."Пајко Мало" бб - адвокатска улица, кој ќе ги штити интересите на тужениот во постапката се додека не се појави тужениот или од него овластено лице да ги застапува неговите интереси.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XXII. П.бр. 2272/00. (16526)

## ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

По тужба на тужителот Игно Илиески од с. Врапчиште, против тужената Митра Илиеска од с. Раотинце, Тетовско, со непознато живеалиште во Република Италија, со основ развод на брак, пред овој суд заведен е граѓанскиот предмет П. бр. 93/2001.

Бидејќи тужената е со непозната адреса во Р. Италија, се моли истата на судот да му достави точна адреса, по можност да се јави лично, да овласти адвокат кој ќе ја застапува во бракоразводната парница при Основниот суд во Гостивар, во спротивно во рок од 30 дена судот ќе и постави привремен застапник.

Како привремен застапник по службена должност на тужената и се поставува адвокатката Веселинова Драгослава од Гостивар, која ќе ги штити нејзините права и интереси постапката.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 93/2001. (16169)

---

Пред Основниот суд во Гостивар се води граѓанска постапка по тужба на тужителот Билали Шабан од с. Грлотец - Гостиварско, против Доротхеја Минна Хелми Керз од Германија со непозната адреса на живеење и престој, основ развод на брак, вредност неопределена па на тужената и се поставува времен застапник лицето Андоноска Мирјана - адвокат од Гостивар, која ќе ги застапува интересите на тужената, додека таа или нејзин полномошник и застапник не се јави на главна расправа пред овој суд.

Од Основниот суд во Гостивар, П. бр. 415/2001. (16333)

## ОСНОВЕН СУД ВО ДЕБАР

Пред Основниот суд во Дебар заведена е вонпроцесна постапка за докажување на смртта, по предлог на предлагачот Крлиу Исеин - Нуши од Скопје.

Се повикува секој што знае за животот на Крлиу Хусни роден на 10.10.1875 година во Дебар каде и умрел да се јави на судот во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, а по истекот на тој рок ќе се спроведе постапката за докажување на смртта.

Од Основниот суд во Дебар, ВПП.бр. 80/00. (16511)

Пред Основниот суд во Дебар е заведена процесна постапка по тужбата на тужителката Оломани Флутра од Дебар, против Оломани Шпенди од Дебар сега со непозната адреса, за развод на брак, вредност на спорот 60.000,00 денари.

Се повикува тужениот да се јави пред овој суд за да достави точна адреса, или определи полномошник кој ќе го застапува по постапката по овој предмет во рок од 30 дена по објавувањето на огласот. По истекот на овој рок судот на тужениот ќе му постави привремен застапник преку ЦСР Дебар.

Од Основниот суд во Дебар, П. бр. 100/01. (16334)

## ОСНОВЕН СУД ВО КАВАДАРЦИ

Пред Основниот суд во Кавадарци, се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Тони Ибраимов од Ваташа, на привремена работа во Германија, преку полномошник адвокат Драгољуб Змејовски од Кавадарци, против тужената Ѓулсефа Ибраимова, родена Усинова, со непозната адреса, за која судот има сознание дека е во Германија.

Судот на тужената Ѓулсефа Ибраимова и назначи привремен застапник, Благородна Арангелова, стручен соработник во Основен суд во Кавадарци, која ќе ги застапува интересите на тужената.

Се повикува тужената Ѓулсефа Ибраимова, родена Усинова да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот.

Доколку во овој рок тужената или нејзиниот полномошник не се јават во судот, истата се предупредува дека назначениот привремен застапник ќе ја застапува во постапката се додека тужената или нејзиниот полномошник не се појават пред судот, односно додека Органот за старателство не го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд во Кавадарци, П. бр. 250/2001. (16171)

## ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд е покрената постапка за развод на брак, од тужителката Весна Стојмановска од Куманово, ул."Моша Пијаде" бр. 3, против тужениот Игор Стојмановски од Куманово, со поранешна адреса на ул."Октомвриска Револуција" бр. 1/18.

Се повикува тужениот Игор Стојмановски во рок од 30 дена од денот на објавување на овој оглас се јави во судот или одреди свој полномошник кој ќе го застапува во постапката. Тужениот ќе го застапува како привремен застапник Мирјана Стојковска адвокат од Куманово.

Од Основниот суд во Куманово, IV. П.бр. 104/01. (16399)

---

Пред овој суд е поведена парнична постапка за развод на брак, по тужба на тужителката Маја Саздановска од Куманово, ул."Доне Божинов" бр. 24 А, против тужениот Тони Саздановски од Мелбурн, Австралија.

Бидејќи тужениот е со непозната адреса на живеење па затоа судот му поставува привремен застапник кој ќе го застапува до правосилно окончување на оваа постапка, односно се додека тужениот или неговиот полномошник не се јави пред судот или пак додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека назначил старател, а привремениот застапник ќе биде адвокат Весна Колевска од Куманово.

Од Основниот суд во Куманово, VI. П.бр. 684/01. (16376)

## ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП

Основниот суд во Прилеп го повикува лицето Петар Ачкоски од Прилеп, роден 1879 година да се јави во Основниот суд во Прилеп, како и секој друг што знае за неговиот живот да се јави во овој суд во рок од

